Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промена на објективната вредност на финансиските средства расположиви за продажба се еднакви на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и објективната вредност и се признаваат во капиталот и резервите на позицијата реваловризациски резерви. Кај должничките хартии од вредност при депризнавање кога средството ќе се продаде или достаса, кумулативната нереализирана добивка или загуба претходно признаена во капиталот се вклучува во нето добивката или загубата за периодот во позицијата останати приходи/расходи. Кај сопственичките хартии од вредност при нивно депризнавање состојбата на сметката за реваловризациски резерви банката ќе ја прекнижи на позицијата Акумулирана/Задржана добивка.

Пресметаната камата со примена на методот на ефективна каматна стапка како и евентуалните загуби поради оштетување и позитивните и негативните курсни разлики се признаваат во билансот на успех.

**ВОВЕД (продолжение)**

**в)Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Финансиски средства кои се чуваат до доспевање**

Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање претставуваат финансиски средства со фиксни или определени плаќања и фиксно доспевање, за кои Банката има намера и можност да ги чува до доспевање. Ако Банката продаде било каков дел од вложувањата кои се чуваат до доспевање кој не би бил нематеријален, во таков случај целата категорија би се рекласифицирала во финансиски средства расположиви за продажба. Овие хартии од вредност се класифицирани според моделот HTC (held to collect) и се прикажани според амортизираната набавна вредност со примена на методот на ефективната каматна стапка.

Банката ги класифицира средствата во оваа категорија доколку се исполнети следните критериуми:

- банката ги управува финансиските средства со цел наплата на договорните парични текови
- исполнет е условот единствено отплати на главница и камата-СППИ

Банката во оваа категорија ќе ги класифицира и паричните средства, побарувањата од купувачи, побарувањата за наеми, побарувањата за провизии и надоместоци, и сите други финансиски средства коишто претставуваат изложеност на кредитен ризик согласно со одлуката за кредитен ризик, а за кои условот СППИ е неприменлив. За овие средства не се бара исполнување на СППИ условот.

Добивки или загуби од курсни разлики се признаваат во билансот на успех како нето приходи/ расходи од курсни разлики. Добивките или загубите реализирани при продажба или отпис на средството се евидентираат како останати приходи/расходи. Добивки и загуби кога средството е оштетено или депризнаено се признаваат преку билансот на успех.

**Кредити одобрени од Банката**

Кредитите се класифицирани според моделот HTC (held to collect) и се прикажани според амортизираната набавна вредност со примена на методот на ефективната каматна стапка. Класификацијата се врши според деловниот модел на Банката и карактеристиките на паричните текови. Кај кредитите се исполнети следниве критериуми за класификација и мерење по амортизирана набавна вредност:

- банката ги управува финансиските средства со цел наплата на договорните парични текови
- исполнет е условот единствено отплати на главница и камата-СППИ

Кредитите одобрени од Банката ги вклучуваат кредитите кога средствата се одобрени на коминтентите. Кредитите иницијално се признаваат по објективна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциски трошоци, а последователно се вреднуваат според амортизираната набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка. Каматите врз основа на кредити одобрени од Банката се вклучени во приходи од камати и истите се признаваат на пресметковна основа. Кредитите одобрени на комитентите и финансиските институции се прикажани во нето износ намалени за загубата поради оштетување.

**Загуби поради оштетување на финансиски средства**

Банката проценува на датумот на секој биланс на состојба дали постои објективен доказ дека финансиското средство или група на финансиски средства има загуба поради оштетување. Во случај на вложувања класифицирани како расположливи за продажба, ако има значајно или пак пролонгирано намалување на нивната објективната вредност под нивната набавна вредност, во таков случај истите се разгледуваат при утврдувањето дали средствата имаат загуба поради оштетување.

**ВОВЕД (продолжение)**

**в) Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Загуби поради оштетување на финансиски средства (продолжение)**

Доколку постои таков доказ за должничките инструменти расположливи за продажба, кумулативната загуба, мерена како разлика помеѓу набавната вредност на вложувањето и неговата тековна објективна вредност, се намалува од ревалоризациската резерва и се признава во билансот на успех во позицијата исправка на вредност. Кај сопственичките хартии од вредност не се пресметува исправка на вредност. Загубите поради оштетување признаени во билансот на успех на вложувањата кои се вреднуваат преку главнината, не се сторнираат преку билансот на успех. Ако, во подоцнежниот период, објективната вредност на вложувањата класифицирани како расположливи за продажба се зголеми и таквото зголемување може објективно да се врзе со настан кој се случил по признавањето на загубите поради оштетување во билансот на успех како исправка на вредноста, во таков случај загубите поради оштетување се анулираат. Износот на ослободувањето ќе биде вклучен во позицијата исправка на вредност на нето основа. Останатиот износ до новата објективна вредност доколку има се признава во ревалоризациски резерви.

Износот на загубите поради оштетување за финансиските средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност се пресметува како разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на очекуваните парични приливи дисконтирани според оригиналната ефективна каматна стапка на таквиот финансиски инструмент и се признаваат во билансот на успех.

**Резервации за загуби поради оштетување на кредити и побарувања**

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и побарувањата се утврдуваат доколку постојат објективни докази дека Банката нема да може да ги наплати сите достасани износи по побарувањата според оригиналните договорни услови. Всушност поимот "побарувања" има значење на кредити, договорени обврски како што се акредитиви, гаранции или договорени обврски за зголемување на кредитниот лимит. Резервацијата за загуби поради оштетување по кредити се искажува како намалување на сметководствената вредност на кредитот, додека за вонбилансните ставки, резервацијата се искажува во рамките на ставката резервации. Зголемувањата на резервациите се вршат преку искажаните загуби поради оштетување признати во билансот на успех.

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и на останатите активни билансни и вонбилансни позиции се врши во согласност со регулативата пропишана од страна на НБРСМ со важност на секој датум на билансот на состојба, според која Банката е должна да ги класифицира активните билансни и вонбилансни позиции во групи според степенот на нивната ризичност и да изврши проценка на износот на потенцијалните загуби поради оштетување кои се пресметуваат со примена на објективни и субјективни мерила на 31 декември 2021 година и 31 декември 2020 година со примена на следните проценти:

| Ризична категорија | Процент |
|---|---|
| А | од 0,01% до 5% |
| Б | над 5% до 20% |
| В | над 20% до 45% |
| Г | над 45% до 70% |
| Д | над 70% до 100% |

**ВОВЕД (продолжение)**

**в) Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Резервации за загуби поради оштетување на кредити и побарувања (продолжение)**

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите се утврдуваат врз основа на степенот (големината) на ризикот од ненаплативост или специфичниот ризик на ниво на земја, врз основа на следните принципи:

- Поединечните кредитни изложености (ризици) се оценуваат врз основа на видот на кредитобарателот, неговата целокупна финансиска позиција, изворите и евиденцијата за плаќање и надоместивата вредност на обезбедувањето. Резервациите за загуби поради оштетување се мерат и утврдуваат за разликата помеѓу сметководствената вредност на кредитот и неговиот проценет надоместив износ, што всушност ја претставува сегашната вредност на очекуваните готовински текови, вклучувајќи ги и надоместивите износи од гаранции и залог, дисконтирани со ефективна каматна стапка на кредитот.
- Ако постојат објективни докази за ненаплативост на кредити во кредитното портфолио кои не може специфично да се идентификуваат, резервациите за загуби поради оштетување се утврдуваат на ниво на ризикот за целокупното кредитно портфолио. Овие загуби се утврдуваат врз основа на историски податоци за кредитните рангирања на кредитокорисниците, и ја одразуваат тековната економска клима во која функционираат кредитокорисниците.
- Загубата по кредит претставува престанок на пресметка на приход од камата согласно договорените услови, а кредитот се класификува како нефункционален заради тоа што договорните обврски за плаќање на главницата и/или каматата се во задоцнување, односно ненаплатени во период подолг од 90 дена. Сите резервации за загуби по кредити се разгледуваат и тестираат најмалку еднаш квартално, и секакви понатамошни промени на износите и времето на очекуваните идни парични приливи во споредба со претходните проценки, резултираат во промена на резервацијата за загуби поради оштетување, која се евидентира како задолжување или одобрување на загубите поради оштетување евидентирани во билансот на успех.
- Кредитот за кој се верува дека е неможно да се наплати, се отпишува наспроти соодветната резервација за загуби поради оштетување. Банката врши отпис и на кредитната изложеност доколку се поминати две години од датумот кога Банката била должна да врши исправка на вредноста, односно да издвојува посебна резерва од 100%." Натамошните наплати се евидентираат како намалување на загубите поради оштетување во билансот на успех.
- Во случај на одобрени кредити на кредитокорисници во земји со зголемен ризик на потешкотии за сервисирање на надворешен долг, се проценува политичката и економската ситуација, и се воспоставуваат дополнителни резервации за ризичност на земја.

**Депризнавање на финансиски средства**

Банката ги депризнава финансиските средства кога договорните права за стекнување готовина од финансиското средство истекуваат или се пренесуваат на друг ентитет, а со тоа се пренесуваат и значајно сите права и ризици кои произлегуваат од сопственоста.

**Финансиски обврски**

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорениот аранжман. Финансиските обврски се класифицирани како депозити на банки, финансиски институции и комитенти, обврски по основ на кредити, останати обврски и деривативни финансиски инструменти.

**ВОВЕД (продолжение)**

**в)Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Депозити од банки и други финансиски институции и комитенти**

Овие финансиски обврски се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање намалена за трансакциските трошоци, и последователно се вреднуваат по амортизираната набавна вредност.

**Обврски по основ на кредити**

Обврските по основ на кредити се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање намалена за трансакциските трошоци. Последователно мерење е според амортизираната набавна вредност, а разликата помеѓу нето приливите и вредноста која се задржува се признава во билансот на успех за времетраењето на кредитот користејќи го методот на сфективни каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која точно го дисконтира очекуваниот тек на идните парични плаќања во текот на очекуваниот век на финансиската обврска.

**Останати обврски**

Останатите обврски се прикажани во нивните номинални износи. Приоритетните акции што носат задолжителна фиксна дивиденда се класифицирани како финансиски обврски и се прикажани во останати обврски. Дивидендите од овие приоритетни акции се признаваат во добивка или загуба.

**Деривативни финансиски инструменти**

Деривативните финансиски инструменти вклучуваат договори кои подлежат на флуктуации на девизниот курс и првично и последователно се вреднуваат по објективна вредност. Овие договори не се квалификувани за сметководство за хеџирање во согласност со специфичните критериуми утврдени во Методологијата и соодветно се третираат како деривативни инструменти кои се чуваат за тргување, т.е. добивките и загубите се признаваат во нето приходот од тргување.

**Депризнавање на финансиските обврски**

Банката ги депризнава финансиските обврски единствено кога нејзините обврски се извршени, откажани или застарени.

**Недвижности и опрема**

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради оштетување. Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата што се евидентира одделно, се капитализираат. Останати последователни издатоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корисност на ставката вклучена во дел од недвижностите и опремата. Сите останати издатоци се признаваат како трошоци во билансот на успех кога настануваат. Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот пропишан корисен век на траење. На инвестициите во тек не се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба. Годишните стапки на амортизација се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% |
| Мебел и опрема | 10% - 25% |

**ВОВЕД (продолжение)**

**в)Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Недвижности и опрема (продолжение)**

Добивките или загубите остварени со отуѓување или ставање надвор од употреба на недвижностите и опремата се определуваат како разлика меѓу приливите од продажба и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат во билансот на успех. Недвижностите и опремата се предмет на годишна анализа за можноста од нивно оштетување. Кога сметководствената вредност на средството е повисока од проценетата надоместувачка вредност, вредноста на средството веднаш се намалува до висината на неговата надоместувачка вредност.

**Нематеријални средства**

Нематеријалните средства се посебно набавени средства и истите се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација, како и акумулираната загуба поради оштетување, доколку постои. Нематеријалните средства вклучуваат компјутерски софтвер кој е набавен одделно од хардверот. Трошокот за софтверот се амортизира со употреба на праволиниска метода на проценетиот век на траење кој изнесува 5 години. На крајот на секоја година Банката врши анализа на сметководствените вредности на нематеријалните средства и проценува дали постојат индикации кои укажуваат дека средствата се оштетени. Доколку постојат било какви навестувања, се утврдува проценетата надоместувачка вредност на средството и доколку истата е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност.

Раководството на Банката редовно ги разгледува сметководствените вредности на материјалните и нематеријалните средства. Доколку постојат било какви навестувања дека овие средства се оштетени, се проценува надоместувачката вредност на средството со цел да се одреди степенот на загуба поради оштетување. Доколку проценетата надоместувачка вредност на средството е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност. Загубата поради оштетување се признава како трошок во тековниот период. Анулирањето на загубата поради оштетување се признава веднаш како приход.

**Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања**

Преземените средства вклучуваат недвижности и опрема кои се стекнати преку постапка на преземање како би се исполниле обврските, целосно или делумно, за соодветниот кредит и истите се прикажани во ставката преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања. Овие средства почетно се признаваат по почетна сметководствена вредност, односно по пониската вредност од набавната вредност на кредитот, вклучувајќи ги трансакциските трошоци (обично набавната вредност на кредитот е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правниот основ за стекнување на сопственост) и објективната вредност намалена за проценетите трошоци за продажба одредена од страна на овластен проценител на датумот на преземањето на средството. За сите средства превземени после 6 април 2013 година Банката, при почетното признавање евидентира и оштетување од најмалку 20% од пониската од набавната и проценетата вредност на превземеното средство. Доколку исправката на вредноста на кредитот кој што е наплатен по пат на превземање на средства, е повисока од 20% од почетната вредност на превземеното средство, разликата се признава во рамките на реваморизационите резерви на Банката.

**ВОВЕД (продолжение)**

**в)Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Преземени средства врз основа на пенаплатени побарувања (продолжение)**

По почетното признавање, преземените средства најмалку еднаш годишно се анализираат за загуби поради оштетувања и истите се мерат по пониската вредност од 80% од претходната сметководствена вредност и проценетата вредност намалена за проценетите трошоци за продажба. Оштетувањата се признаваат во билансот на успех на Банката. При продажба на средството се ослободува износот што е евидентиран во реваморизациски резерви и истиот се признава во билансот на успех во делот на загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа.

**Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина и ностро сметки кои претставуваат депозити по видување и пласмани кај други банки и финансиски институции, износи кај НБРСМ и други финансиски средства како што се благајнички и други записи, како високо ликвидни средства кои доспеваат во рок од 3 месеци и имаат незначителни промени на објективната вредност.

**Средства од комисионо работење**

Банката управува со средства во име и за сметка на правни лица и граѓани и ги чува и пласира во различни финансиски инструменти врз основа на насоките на коминтентите. Банката добива надомест за овие услуги. Средствата од комисионото работење не претставуваат средства на Банката и истите не се препознаени во финансиските извештаи. Банката не е изложена на било каков ризик за ваквите средства, со оглед на тоа дека не ги гарантира истите.

**Резервации**

Резервациите се признаваат во случај кога Банката има тековни обврски (законски или конструктивни) како резултат на минати настани и притоа е веројатно дека Банката ќе биде обврзана истите да ги плати и износот на обврската може веродостојно да се процени. Износот признаен како резервација ја претставува најдобрата проценка на потребниот износ за подмирување на тековната обврска на датумот на билансот на состојба, земајќи ги во предвид ризиците и неизвесностите кои ја опкружуваат обврската.

Онаму каде што резервацијата се мери со користење на проценетите парични текови за подмирување на тековната обврска, нејзината сметководствената вредност претставува сегашна вредност на тие парични текови.

**Користи за вработените**

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Банката во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

**ВОВЕД (продолжение)**

**в)Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Користи за вработените (продолжение)**

Во согласност со законските барања, колективниот договор и интерните правилници Банката има обврска на своите вработени да им исплати отпремнина при пензионирање во висина на две просечни месечни плати. Отпремнините на вработените се третираат како дефинирани пензиски планови. Обврските за отпремнини се признаени во билансот на состојба врз основа на актуарска проценка и претставуваат сегашна вредност на дефинираните обврски спрема вработените намалени за објективната вредност на планираните средства (тековно нема такви признати средства) корегирана за сите непризнаени актуарски добивки и загуби намалени за трошокот за минати услуги кој сеуште не е признаен. Дефинираните обврски за користи на вработените се пресметуваат на годишно ниво од страна на независен актуар со примена на кредитната метода на проектирана единица.

**Оданочување**

Обврската на Банката за тековен данок е пресметана врз основа на важечката даночна регулатива и со употреба на пропишаните даночни стапки кои важат или се значајно во примена на датумот на билансот на состојба.

Одложениот данок се признава на разликите помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и соодветната даночна основа употребена при пресметката на оданочивата добивка, и се евидентира со примена на методот на обврска. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочиви временски разлики, а одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во оној обем во кој е веројатно дека ќе постои доволно идна даночна добивка во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночните стапки (и закони за даноци) коишто важат на датумот на билансот на состојба.

**Наеми**

Банката дава и зема недвижнини под закуп по основ на оперативни наеми. Приходите и расходите по основ на наемнини се признаваат во билансот на успех на праволиниска основа во рамките на времетраењето на наемот.

**ВОВЕД (продолжение)**

**г) Употреба на оценки и проценки**

Најзначајните области за кои се потребни проценки и претпоставки се:

**Објективна вредност на финансиските инструменти**

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Тие вклучуваат користење на методи на сегашна вредност, модели врз основа на параметри кои се достапни. Сите модели на вреднување најпрво се потврдуваат пред да бидат користени како основа за финансиско известување и периодично се разгледуваат од страна на квалификуван персонал кој што е независен во однос на областа за која е креиран моделот. Каде што е можно, Банката ги споредува вреднувањата добиени од различните модели со оние кои котираат на активни пазари на слични инструменти, и со стварните вредности кога истите се реализираат, со цел понатаму да ги потврди и стандардизира моделите. Голем број на различни фактори се вклучени во моделите, вклучувајќи стварни или проценети пазарни цени и стапки, како што се временска вредност и непостојаност, пазарни услови и ликвидност. Банката ги применува моделите конзистентно од еден до друг период, обезбедувајќи споредливост и континуитет на вреднувањата низ периодите, по оценката на објективната вредност инхерентно инволвира значаен степен на проценување.

Во Република Северна Македонија не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купување и продажба на побарувањата и другите финансиските средства и обврски, за кои не постојат официјално објавени пазарни цени.

Раководството врши проценка на вкупната изложеност на ризик така што кога е проценето дека постојат навестувања дека евидентираната сметководствена вредност нема да може да биде реализирана, во тој случај се признава резервација. Според мислењето на раководството, искажаните сметководствени вредности на средствата кои не котираат на активниот пазар вкупност ги претставуваат највалидните и најкорисните вредности за известување кои важат под сегашните пазарни околности.

**Исправка на вредноста на кредитите**

Банката месечно врши анализа на кредитната изложеност со цел да се процени дали постојат индикации за оштетување на кредитите. Во одредувањето дали загубата поради оштетување треба да се евидентира во билансот на успех, Банката донесува оценка за тоа дали постојат некои видливи показатели кои укажуваат на намалување на идните парични текови од кредитното портфолио пред намалувањето да биде идентификувано на поединечниот кредит во тоа портфолио. Овој доказ може да вклучува видливи показатели кои укажуваат дека постојат негативни промени во способноста за плаќање на кредитот од страна на кредитокорисникот или неможноста за плаќање е резултат на неповолните економски состојби во земјата кои директно влијаат врз способноста на кредитокорисникот да ги подмири своите обврски во предвидениот рок. Банката користи проценки врз основа на историското искуство за загуби кои се однесуваат на средства кои имаат карактеристики на кредитен ризик и постоење на објективен доказ за оштетување кои се слични на оние во портфолиото кога ги планира идните парични текови. Методологијата и претпоставките користени за проценка на износот и времето на идните парични текови се анализира на редовна основа со цел да се намалат разликите меѓу проценетата загуба и искуството од стварните загуби.

**ВОВЕД (продолжение)**

**г) Употреба на оценки и проценки (продолжение)**

По воспоставување на кредитен однос, Банката применува процес на интензивно мониторирање што и овозможува рана идентификација на влошувањето на ризичниот профил на клиентот или на групата клиенти. Процесот на мониторирање се состои од редовни проверки на кредитниот профил за целото времетраење на производот, интерна класификација на ризик, ран систем на предупредување, систем на проценка на значајното зголемување на кредитниот ризик и малата веројатност за плаќање, со кои се обезбедува навремено превземање на потребните акции за минимизирање на кредитниот ризик. Кредитната изложеност е постојано мониторирана со цел утврдување на концентрацијата по сектор, тип на колатерал, рејтинг на должникот итн. во согласност со Рамката за управување со ризик на Банката.
Во линија со најдобрите меѓународни практики, а во согласност со подобрената методологија и процес на оштетување, Банката обезбедува адекватно ниво на резервации за потенцијални кредитни загуби. И покрај влијанието на пандемијата врз светот и локалната економија, во текот на 2021 година Банката продолжи со прудентната кредитна политика и балансиран раст на кредитното портфолио што одговара на нејзината стратегија и репутација. Сите цели на кредитниот ризик, алатки и јасното управување со ризикот се инкорпорирани во кредитните политики на Банката и рамката за управување со ризик, одобрени од Надзорниот Одбор на Банката.

**Корисен век на материјалните и нематеријалните средства**

Раководството на Банката го одредува проценетиот корисен век и соодветниот трошок за амортизација на материјалните и нематеријалните средства. Соодветноста на проценетиот корисен век се анализира на годишно ниво или секогаш кога постојат индикации за значајни промени во користените претпоставки, како што се предвиденот технолошкиот развој, факторите кои влијаат на економијата во поширокото опкружување и индустријата.

**д) Усогласеност со законската регулатива**

Приложените финансиски извештаи се усогласени со регулативата пропишана од страна на НБРСМ која е на сила на секој датум на билансот на состојба.

Во периодот од 14.12.2020 година до 16.02.2021 година, НБРСМ спроведе делумна теренска контрола на Стопанска Банка АД - Скопје во врска со целокупното работење на Банката, со посебен осврт на: Кредитниот ризик и постапувањето според мерките изречени во делот на кредитниот ризик, ризикот од ПП/ФТ, оперативниот ризик и ликвидносниот ризик. На почетокот од јуни 2021 година, НБРСМ го достави до Банката финалниот Извештај од извршената супервизија во текот на 2020-2021 година. Извештајот содржи наоди и препораки кои немаат материјално влијание врз работењето на Банката, а за истите Банката подготви Акционен план за корекција/исполнување на наодите и препораките."

Во текот на месец ноември 2021 година, беше доставен Извештај од вонтеренско следење од страна на Народната Банка на РСМ, во врска со процесот на супервизорска оценка на ризикот по сигурноста на информативниот систем (IT SREP – Supervisory Review and Evaluation Process), којшто беше спроведен во периодот од месец мај до август 2021 година.

**ВОВЕД (продолжение)**

**д) Усогласеност со законската регулатива (продолжение)**

Контролата вклучуваше и проверка на подготвеноста на Банката од закапите во дигиталниот простор преку детална анализа на доставените информации и работни состаноци со одговорните лица во Банката како и проверка на усогласеноста на Банката со одредени одредби од Одлуката за методологијата за сигурност на информативниот систем ("Сл. Весник на РМ" бр. 78/18). Со Извештајот беа утврдени препораки во насока на интензивирање и приоретизирање на активностите за постигнување и одржување на целното ниво на подготвеност од нападите од дигиталниот простор. Во истиот период, Банката достави Известување до НБРСМ по Извештајот со планирани активности во врска со утврдените препораки и барања со рокови за нивна имплементација.

**ѓ) Обелоденување за управување со ризици**

Квалитативните и квантитативните информации за поодделните видови на ризици одделно се дадени во белешките 2 и 3.

**е) Оперативно опкружување во кое работи Банката**

**Ковид-19** пандемијата ја продолжи неизвесноста во светот и во 2021 година. Ефектите од вакцинацијата не беа толку силни колку што се очекуваше поради појавата на нови мутации. Позитивно беше тоа што се избегнаа нови карантини што овозможи постапно закрепнување на глобалната економија. Сепак нарушените канали на снабдување резултираа со пораст на цените насскаде, особено на енергенсите и храната. Имајќи ги предвид моменталните политички тензии очекувано е несигурноста да продолжи.
По падот од 6,1% во 2020 година, домашната економија покажа сигнали на закрепнување и пораст од 4% во 2021 година, во најголем дел поттикнати од приватната потрошувачка и инвестиции. Најголем скок на БДП-то се случи во вториот квартал (13,4%), без да се запостави помалата компаративна основа. Сепак моменталната политичка несигурност не даваат позитивни изгледи за во 2022 година.
Нарушените канали на снабдување и несофтиѓање на понудата со побарувачката предизвикани од пандемијата резултираше со повисока инфлација каква што светот нема видено последните две деценции. Во многу земји регистрирани се стапки на инфлација повисоки од 5% најмогу заради порастот на цената на храната и енергенсите. Просечната стапка на индексот на цените на мало во домашната економија во 2021 година се зголеми за 3,2%, имајќи предвид дека годишната стапка изнесуваше 4,9%. Фискалната рамнотежа се подобри во 2021 година поради порастот на приходите. Големата поддршка на економијата, за време на почетоците на пандемијата, го зголеми дефицитот на 8,2% од бруто домашниот производ за 2020 година. Поради зголемување на приходите (15,3%), буџетскиот дефицит се намали во 2021 година и изнесуваше 5,4% од БДП-то. На крајот на 2021 година јавниот долг достигна износ од 7.135,3 милиони евра или 60,9% од БДП-то. Во Март 2021 година, Република Северна Македонија ја издаде осмата емисија на еврообврзници на износ од 700 милиони евра, со седум години рок на достасување и историски најниска каматна стапка, 1,625%. Целта беше да се рефинансира еврообврзницата од третата емисија издадена во 2014 година во износ од 500 милиони евра. Во согласност со стратегијата за управување со јавниот долг, државата ќе настојува да го намали јавниот долг под Критериумот од Мастрихт од 60% до 2026 година.

**е) Оперативно опкружување во кое работи Банката (продолжение)**

Надворешната позиција во 2021 година остана стабилна што резултираше со дефицит од 415,7 милиони евра што е 3,5% од БДП-то, што е мал пораст во однос на 2020 година. Приватните трансфери пораснаа значително достигнувајќи износ од 1.889,9 милиони, што е зголемување за 43,9% во однос на претходната година што придонесува за покривање на 100,8% од трговскиот дефицит. Исто така се забележа и зголемување на странските директни инвестии кои достигнаа 512 милиони евра за разлика од 201,4 милиони во 2020 година. Адекватното ниво на бруто странски резерви (3.643,3 милиони или 4,5 месечна покриеност на увозот) обезбеди доволно бафери за потенцијални непредвидени шокови. Според НБРСМ моменталната монетарна политика е соодветна и поддржува солиден развој на кредитирањето и инфлација во рамки на инфлацијата во евро зоната. Странските резерви се на стабилно ниво и ликвидноста во странска валута на домашните банки останува погодна. Во Март 2021 година, Централната Банка ја намали стапката на благајничките записи на историски најниско ниво од 1,25%. Сепак, поради неизвесноста од движењето на стапката на инфлација и тензиите во Украина, Централната Банка продолжува блиску да ги следи развојот и потенцијалните ризици, истакнувајќи ја подготвеноста да делува доколку е потребна поддшка за одржување на стабилноста на денарот.
За време на корона кризата банкарскиот систем остана добро капитализиран, ликвиден и профитабилен. Банките ја покажаа способноста да ја поддржат економијата во комплексни услови и истовремено да продолжат да ги задоволуваат потребите на своите клиенти. На крајот на 2021 година растот на депозитите достигна 7,8% на годишно ниво. Корпоративните депозити се зголемија за 11,6%, додека депозитите од население 7,1%. Растот на кредитите изнесуваше 8,3%. Кредитите за население забележаа пораст од 7,8%, додека корпоративните кредити се зголемија 8,7%. Нефункционалните изложености го продолжија надолниот тренд и стигнаа до 3,2% на 31.12.2021 година. Односот депозити/кредити на крајот на годината беше 82,6%. Адекватноста на капиталот на банкарскиот сектор достигна 17,3%. РОА и РОЕ беа малку поголеми во споредба со претходната година и достигнаа 1,5% и 12,9% респективно. Во целина банкарскиот сектор остана здрав, но сепак ризиците мора да бидат постојано следени.
Стопанска Банка АД Скопје располага со 18% од вкупните средства на банкарскиот сектор и скоро 1/5 од вкупните кредити и депозити. Во 2021 имаше пораст од 8,9% кај кредитите и 3,4% кај депозитите. Во 2021 година банката во многу аспекти имаше подобри перформанси со споредба со целиот банкарски сектор, РОА 2,2% наспроти 1,5% на секторот, РОЕ 13,3% наспроти 12,9% на секторот, НИМ 4,1% наспроти 2,6% на секторот и односот трошоци наспроти приход многу под нивото на банкарскиот сектор 34,5% наспроти 47,4%. Адекватноста на капиталот изнесуваше 16,5%.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2021**

**1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски**

***А Класификација на финансиските средства и финансиските обврски***

(во илјада денари)

| | по објективна вредност преку биланс на успех | | по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка | | по амортизирана набавна вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за тргување | по објективна вредност при почетното признавање | должнички инструменти | сопственички инструменти | | |
| **2021 (тековна година)** | | | | | | |
| ***Финансиски средства*** | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | 1.838.306 | - | 19.029.491 | 20.867.797 |
| Средства за тргување | 1.999 | - | - | - | - | 1.999 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | - | - | - | - | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | - | - | - | - | 278.118 | 278.118 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | - | - | - | - | 78.037.088 | 78.037.088 |
| Вложувања во хартии од вредност | - | - | 2.058.619 | 85.212 | 10.153.836 | 12.297.667 |
| Останати побарувања | - | - | - | - | 1.562.418 | 1.562.418 |
| ***Вкупно финансиски средства*** | 1.999 | - | 3.896.925 | 85.212 | 109.060.951 | 113.045.087 |
| ***Финансиски обврски*** | | | | | | |
| Обврски за тргување | - | - | - | - | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | - | - | - | - | - | - |
| Депозити на банки | - | - | - | - | 1.425.335 | 1.425.335 |
| Депозити на други комитенти | - | - | - | - | 89.673.439 | 89.673.439 |
| Издадени должнички хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Обврски по кредити | - | - | - | - | 1.686.298 | 1.686.298 |
| Субординирани обврски и хибридни инструменти | - | - | - | - | - | - |
| Останати обврски | - | - | - | - | 1.345.262 | 1.345.262 |
| ***Вкупно финансиски обврски*** | - | - | - | - | 94.130.334 | 94.130.334 |

**1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжение)**

***А Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжение)***

(во илјада денари)

| | по објективна вредност преку биланс на успех | | по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка | | по амортизирана набавна вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за тргување | по објективна вредност при почетното признавање | должнички инструменти | сопственички инструменти | | |
| **2020 (претходна година)** | | | | | | |
| ***Финансиски средства*** | | | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | 1.889.242 | - | 15.487.363 | 17.376.605 |
| Средства за тргување | 2.698 | - | - | - | - | 2.698 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| Дериватни средства чувани за управување со ризик | - | - | - | - | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | - | - | - | - | 224.193 | 224.193 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | - | - | - | - | 70.999.971 | 70.999.971 |
| Вложувања во хартии од вредност | - | - | 2.211.613 | 81.246 | 12.420.791 | 14.713.650 |
| Останати побарувања | - | - | - | - | 1.483.331 | 1.483.331 |
| ***Вкупно финансиски средства*** | 2.698 | - | 4.100.855 | 81.246 | 100.615.649 | 104.800.448 |
| ***Финансиски обврски*** | | | | | | |
| Обврски за тргување | - | - | - | - | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање | - | - | - | - | - | - |
| Дериватни обврски чувани за управување со ризик | - | - | - | - | - | - |
| Депозити на банки | - | - | - | - | 237.804 | 237.804 |
| Депозити на други комитенти | - | - | - | - | 86.622.677 | 86.622.677 |
| Издадени должнички хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Обврски по кредити | - | - | - | - | 529.540 | 529.540 |
| Субординирани обврски и хибридни инструменти | - | - | - | - | - | - |
| Останати обврски | - | - | - | - | 1.139.739 | 1.139.739 |
| ***Вкупно финансиски обврски*** | - | - | - | - | 88.529.760 | 88.529.760 |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Преземањето ризик е основа на финансиското работење, а оперативните ризици се неизбежна последица на вршењето на деловните активности. Затоа, целта на Банката е да постигне соодветна рамнотежа помеѓу ризикот и приносот како и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти врз финансиските перформанси на Банката.

Политиките за управување со ризиците на Банката се така дизајнирани да можат да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да постават соодветни лимити за ризиците и соодветни контроли, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите со помош на сигурни и современи информациони системи. Банката редовно ги ревидира своите политики за управување со ризици и системите со цел да ги одрази промените на пазарите, производите и најдобрите практики.

Организациската структура на раководењето со ризици на Банката осигурува постоење на јасни линии на одговорност, ефикасна сегрегација на должности и превенција на судири на интереси на сите нивоа, вклучувајќи ги Надзорниот одбор, Управниот одбор, вишиот менаџмент, како и помеѓу Банката и НБГ Групацијата, нејзините клиенти и сите други поврзани субјекти. Во рамките на Банката, активностите за раководење со ризици главно се одвиваат на следниве нивоа:

- Стратешко ниво, кое опфаќа функции на раководење со ризици што ги извршува Надзорниот одбор. Тоа се однесува на одобрување на стратегија за ризици, дефинирање на ризиците, профилот и апетитот за ризици на Банката, како и профилот за преземање ризици заради остварување позитивен резултат и други политики и внатрешни инструкции на високо ниво поврзани со ризиците.
- Тактичко ниво, кое опфаќа функции на раководење со ризици што ги извршуваат членовите на Управниот одбор и вишиот менаџмент. Тоа се однесува на воспоставување на политики за ризици и процедури за управување со посебни ризици и воведување на соодветни системи и контроли за да се обезбеди дека севкупната релација помеѓу ризикот и приносот останува во рамките на прифатливо ниво. Општо земено, во оваа категорија спаѓаат активностите за управување со ризици што ги извршува Секторот за управување со ризици на Банката, како и други критични функции на поддршка.
- Оперативно ниво, кое опфаќа управување со ризици при непосредно извршување на активностите на Банката. Соодветните активности се извршуваат од поединци кои преземаат ризик во име на организацијата. Управувањето со ризици на ова ниво се спроведува преку соодветни контроли содржани во соодветните политики, процедури и инструкции дефинирани од страна на менаџментот.

Најважните видови на ризици се кредитниот ризик, ликвидоносниот ризик, оперативниот ризик и пазарниот ризик.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 2.1 Кредитен ризик

Доминантен ризик во работењето на Банката претставува кредитниот ризик дефиниран како тековен или иден ризик врз финансискиот резултат и капиталот кој произлегува од неможноста должникот да ги исполни условите од договорот со Банката или да не постапи според договореното. Изложеноста на овој ризик главно произлегува од активностите на кредитирањето на населението и правните лица како и активностите во делот на вонбилансните финансиски инструменти (одобрените лимити, гаранциите и акредитивите).

#### 2.1.1 Мерење на кредитен ризик, лимити и политики на намалување на ризиците

Иницијално, при одобрување на кредит или друга кредитна изложеност, кредитоспособноста на клиентите се оценува од страна на соодветните Кредитни тела во зависност од видот и износот на изложеноста врз база на дефинирани критериуми. Управување со кредитниот ризик на Банката кое подразбира идентификување, мерење, следење и контрола се врши од страна на следниве тела: Одбор за управување со ризици и Комисија за класификација на активи и резервација за потенцијални обврски и загуби, врз основа на извештаи и анализи изготвени од страна на релевантните организациони делови на Банката. Информации и податоци во врска со кредитниот ризик се доставуваат на редовна основа до Одборот за управување со ризици, Управниот одбор и до Надзорниот одбор на Банката.

Банката има интерен систем на класификација на клиентите чија главна цел е одредување на нивната кредитна способност и оценка на прифатливото ниво на кредитен ризик при започнување на кредитирањето. Класификацијата на корпоративните клиенти кон кои е изложена Банката се ревидира најмалку на полугодишна основа. Банката има имплементирано систем на следење на ранопредупредувачки сигнали со цел навремено да се идентификуваат евентуални влошувања на кредитоспособноста на клиентот и да се преземат соодветните активности за намалување на кредитниот ризик.

Банката имплементира различни практики за намалување на кредитниот ризик. Вообичаена пракса е прифаќање на соодветно обезбедување за дадените кредити. Поважните типови на обезбедување за кредити и други кредитни изложености се:

- Хипотеки врз станбени објекти,
- Залог на деловен имот како деловни објекти, залихи и побарувања,
- Залог на финансиски инструменти како што се должнички и сопственички хартии од вредност,
- Залог на подвижен имот како автомобили и опрема и друго.

Банката го следи исполнувањето на воспоставените интерни и законски лимити и ги контролира концентрациите на кредитниот ризик. Лимитите за ограничување на кредитниот ризик се дефинирани во Стратегијата за ризиците, како и во Политиките и Процедурите кои го регулираат управувањето со кредитниот ризик, и се поставени на ниво на поединечен должник, меѓусебно поврзани субјекти, изложеност кон внатрешни лица на Банката, големи кредитни изложености, изложеност по сектори на делување како и други интерни лимити. Истовремено, Банката го контролира нивото на кредитен ризик кон домашни и странски банки преку воспоставување лимити на ризична изложеност кон нив кои се предмет на ревидирање најмалку еднаш годишно. Исто така, ризикот од концентрација на изложеност по сектори и дејности се следи на редовна основа врз основа на воспоставени лимити.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 2.1 Кредитен ризик (продолжение)

### 2.1.2 Политики за пресметка на загуба од оштетување/исправка на вредноста

Во август 2018 година, НБРСМ ја измени и дополни, а последователно објави нова Одлука за методологијата за управување со кредитен ризик („Службен весник на РНМ" бр. 149/18) која стапи во сила од 1 јули 2019 година.

Врз основа на новата Одлука, Банката ги воведе измените во дефинирањето на реструктурираните изложености, третманот на реструктурираните изложености, како и воведувањето на новите критериуми за излез на изложеноста од статусот на реструктуирање (пробен период за редовните и нефункционалните реструктурирани кредити). Во согласност со горенаведената Одлука, Банката воведе нови правила за нефункционалните изложености (contamination effect), напредни прудентни филтри за нефункционалните изложености, воведе анализа за неможност за наплата, ги утврди сите изложености со проектно финансирање и воведе показатели за ЛТВ и ДТИ на портфолиото за население.

Пресметката на загубата од оштетување и посебната резерва за кредитна изложеност се заснова на утврдената очекувана загуба по поединечен договор, најмалку на месечна основа.

Банката ја класифицира кредитната изложеност по поединечен договор во соодветната категорија на ризик.

Класификацијата се прави според следниве критериуми:

- кредитната способност на клиентот, односно квалитетот на проектот;
- навременост на клиентот во намирувањето на обврските и
- квалитет на обезбедување

Од аспект на понатамошната класификација на кредитната изложеност, Банката ги има предвид:

- измените во кредитната способност на клиентот, т.е. на проектното финансирање,
- навременост на отплатата на обврските

Согласно политиките на Банката, одредувањето на оштетувањата и резервациите се врши на поединечна основа.

Оштетување на индивидуално оценетите ставки на поединечна основа се утврдуваат преку евалуација на очекувана загуба на датумот на изготвување на билансот на состојба, што претставува разлика меѓу сметководствената вредност и сегашната вредност на проценетите идни парични текови. При пресметка на сегашната вредност на проценетите идни парични текови се користи ефективната каматна стапка за дисконтирање на идните очекувани парични текови, имајќи ја во предвид вредноста на обезбедувањето.

Сите нефункционални кредити исто така се опфатени со исправката на вредноста на поединечна основа.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 2.1 Кредитен ризик (продолжение)

### 2.1.2 Политики за пресметка на загуба од оштетување/исправка на вредноста (продолжение)

Пресметаната резервација за оштетување во 2020 година се движи во следниве рамки:

- Од 0,01% до 5% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик А;
- Над 5% до 20% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Б;
- Над 20% до 45% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик В;
- Над 45% до 70% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Г;
- Над 70% до 100% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Д.

Категоријата 1 опфаќа кредитни изложености за кои не е утврдено значително зголемување на кредитниот ризик во однос на почетниот периодот. Овие заеми се класифицираат во категоријата на ризик А, според барањата на регулативата на НБРСМ.

| Користи по престанок на вработувањето | - | - |
| Користи поради престанок на вработувањето | - | - |
| Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со сопственички инструменти | - | - |
| Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со парични средства | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | **33.716** | **28.785** |

## 44.ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИТЕ СТРАНИ (продолжение)

Поврзаните субјекти ги вклучуваат пајголемите акционери, афилијациите и претпријатија во заедничка сопственост, контрола/управување на Банката, или чии активности се контролирани од страна на Банката. Раководниот кадар на Банката ги вклучува членовите на Управниот Одбор и Надзорниот Одбор.Сите трансакции со поврзаните субјекти се случуваат во нормалниот тек на работењето на Банката и нивната вредност не се разликува материјално од условите под кои се одвиваат трансакциите со другите субјекти.

Националната банка на Грција е прикажана под Матично друштво и е матична банка на Банката. Трансакциите прикажани под Останати поврзани страни главно се поврзани со НБГ Каиро, поврзано лице во НБГ групацијата, компанија под заедничка контрола, како и поврзаните лица на раководниот кадар.

## 45.НАЕМИ

### А.Наемодавател

### А.1Побарувања по финансиски наеми

Во илјади денари

| | Вкупно побарувања по финансиски наем | Период на достасување на побарувањата по финансиски наем | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до 1 година | од 1 до 5 години | над 5 години |
| **31 декември 2021 (тековна година)** | | | | |
| Сегашна вредност на минималните плаќања на наемот | - | - | - | - |
| **31 декември 2020 (претходна година)** | | | | |
| Сегашна вредност на минималните плаќања на наемот | - | - | - | - |

### А.2Побарувања по неотповикливи оперативни наеми

Во илјади денари

| | Вкупно побарувања по оперативни наеми | Период на достасување на побарувањата по оперативен наем | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до 1 година | од 1 до 5 години | над 5 години |
| **31 декември 2021 (тековна година)** | | | | |
| Сегашна вредност на минималните плаќања на наемот | 1.391 | 1.391 | - | - |
| **31 декември 2020 (претходна година)** | | | | |
| Сегашна вредност на минималните плаќања на наемот | 1.564 | 1.564 | - | - |

## 45.НАЕМИ (продолжение)

### А.Наемодавател (продолжение)

### А.2Побарувања по неотповикливи оперативни наеми (продолжение)

Во илјади денари

| | Земјиште | Градежни објекти | Транс-портни средства | Мебел и канцела-риска опрема | Останата опрема | Други ставки на недвиж-ности и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на имотот даден под оперативен наем: | | | | | | | |
| 31 декември 2021 година | - | 9.038 | - | - | - | - | 9.038 |
| 31 декември 2020 година | - | 9.600 | - | - | - | - | 9.600 |

Договорените побарувања за наем се однесуваат на дел од имот преземен за наплата на ненаплатени побарувања и помал дел сопствен имот кој што Банката во изминатиот период го користела за свои потреби по повеќе не го користи и го издава под наем на трети страни. Договорите за наем содржат клаузула на ревидирање на договорната цена на наемот согласно пазарните услови, во случај ако наемателот го остварува своето право да го обнови договорот за наем. Идните приходи од наем се приближни на нивото на тековните приходи од наемнини.

### Б.Наематели

### Б.1Обврски по финансиски наеми

Во илјади денари

| | Вкупно обврски по финансиски наем | Период на достасување на обврските по финансиски наем | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до 1 година | од 1 до 5 години | над 5 години |
| Состојба на 31 декември 2021 (тековна година) | - | - | - | - |
| Состојба на 31 декември 2020 (претходна година) | - | - | - | - |

## 45.НАЕМИ (продолжение)

### Б.Наемател (продолжение)

### Б.1Обврски по финансиски наеми (продолжение)

Во илјади денари

| | Земјиште | Градежни објекти | Транс-портни средства | Мебел и канцела-риска опрема | Останата опрема | Други ставки на недвиж-ности и опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на имотот земен под финансиски наем: | | | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2020 | - | - | - | - | - | - | - |
| зголемувања | - | - | - | - | - | - | - |
| (отуѓување и расходување) | - | - | - | - | - | - | - |
| останато | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2020** | - | - | - | - | - | - | - |
| Состојба на 1 јануари 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| зголемувања | - | - | - | - | - | - | - |
| (отуѓување и расходување) | - | - | - | - | - | - | - |
| останато | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2021** | - | - | - | - | - | - | - |
| **Акумулирана амортизација и оштетување** | | | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2020 | - | - | - | - | - | - | - |
| амортизација за годината | - | - | - | - | - | - | - |
| загуба поради оштетување во текот на годината | - | - | - | - | - | - | - |
| (ослободување на загуба поради оштетување во текот на годината) | - | - | - | - | - | - | - |
| (отуѓување и расходување) | - | - | - | - | - | - | - |
| останато | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2020** | - | - | - | - | - | - | - |
| Состојба на 1 јануари 2021 | - | - | - | - | - | - | - |
| амортизација за годината | - | - | - | - | - | - | - |
| загуба поради оштетување во текот на годината | - | - | - | - | - | - | - |
| (ослободување на загуба поради оштетување во текот на годината) | - | - | - | - | - | - | - |
| (отуѓување и расходување) | - | - | - | - | - | - | - |
| останато | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2021** | - | - | - | - | - | - | - |
| **Сегашна сметководствена вредност** | | | | | | | |
| на 1 јануари 2020 година | - | - | - | - | - | - | - |
| **на 31 декември 2020 година** | - | - | - | - | - | - | - |
| **на 31 декември 2021 година** | - | - | - | - | - | - | - |

## 45.НАЕМИ (продолжение)

### Б.Наемател (продолжение)

### Б.2Обврски по неотповикливи оперативни наеми

Во илјади денари

| | Вкупно обврски по оперативни наеми | Период на достасување на обврските по оперативен наем | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до 1 година | од 1 до 5 години | над 5 години |
| Состојба на 31 декември 2021 (тековна година) | - | - | - | - |
| Состојба на 31 декември 2020 (претходна година) | - | - | - | - |

## 46.ПЛАЌАЊА ВРЗ ОСНОВА НА АКЦИИ

Во илјади денари

| | Тековна година 2021 | Претходна година 2020 |
|---|---|---|
| Датум на давање на опцијата | - | - |
| Датум на истекување на опцијата | - | - |
| Цена на реализација на опцијата | - | - |
| Цена на акцијата на датумот на давање на опцијата | - | - |
| Варијанса | - | - |
| Очекуван принос на дивидендa | - | - |
| Каматна стапка | - | - |
| Објективна вредност на датумот на давање на опцијата | - | - |

| | Тековна година 2021 | | Претходна година 2020 | |
|---|---|---|---|---|
| | број на опциите за акции | пондерирана просечна цена за опциите за акции | број на опциите за акции | пондерирана просечна цена за опциите за акции |
| **Состојба на 1 јануари** | - | - | - | - |
| Промени во текот на годината | | | | |
| Опции дадени на членовите на Надзорниот одбор | - | - | - | - |
| Опции дадени на членовите на Управниот одбор | - | - | - | - |
| Останати дадени опции | - | - | - | - |
| Форфетирани опции | - | - | - | - |
| Опции со истечен краен рок | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември** | - | - | - | - |

## 47.ДАНОЧНИ РИЗИЦИ

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Банката подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во период од 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година, и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на раководството на Банката не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијално материјално значајни обврски врз оваа основа.

## 48.НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

На 29 април 2022, Надзорниот одбор на Банката донесе одлуки со која се предлага на Собранието на Банката, дел од добивката за 2021 година во износ од 1.543.456 илјади денари и дел од задржаната добивка од 2019 година во износ 307.500 илјади се распределат во задржана добивка ограничена за распределба на акционерите. Претходно наведеното, е со цел да обезбеди коефициентот на адекватност на капитал да биде над нивото од 16% согласно барањата на НБРСМ, и да биде поддршка на Деловниот план на Банката во следниот период.

Освен настаните презентирани погоре, не постојат материјални настани по датумот на билансот на состојба, кои би биле предмет на известување во финансиските извештаи.

## 49.ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на најзначајните билансни позиции деноминирани во странска валута се следните:

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | 31.12.2021 | 31.12.2020 |
| 1 УСД | 54,3736 | 50,2353 |
| 1 ЕУР | 61,6270 | 61,6940 |

# СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје

Годишни извештај

За годината која завршува на 31 декември 2021 година

**Стопанска Банка АД - Скопје**

# Годишен извештај

# за 2021 година

**Скопје, април 2022 година**

## Содржина:

**Преглед на активностите во 2021 година** ..... 1
**Финансиски показатели** ..... 2
**Економско опкружување** ..... 3
**Основни макроекономски показатели** ..... 5
**Банкарски сектор и СБ** ..... 6
**Финансиско работење** ..... 6
Средства и обврски ..... 8
**Банкарство на мало** ..... 10
**Корпоративно банкарство** ..... 13
**Управување со ризици** ..... 14
Управување со кредитен ризик ..... 16
Управување со ликвидносен ризик ..... 19
Управување со ризикот од промена во каматните стапки ..... 21
Управување со валутен ризик ..... 22
Управување со оперативен ризик ..... 23
**Адекватност на капиталот, Интерен процес на оценка на адекватност на капиталот и Стрес тест** ..... 25
**Активности за контрола на усогласеноста со прописите, спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризмот** ..... 26
**Заштита на лични податоци** ..... 27
**Извештај за корпоративно управување за 2021 година** ..... 29

## Преглед на активностите во 2021 година

Пандемијата на КОВИД – 19 две години по ред е присутна во секојдневниот живот, со силен одраз врз здравјето на населението, економскиот и општествениот живот. Светот глобално се соочи со нешто непредвидливо и непознато досега, со голема неизвесност за времетраењето и последиците од кризата. Банкарскиот сектор покажа голем степен на подготвеност за справување со кризата, со преземање на мерки и активности во насока на амортизирање на шоковите, поддршка на клиентите и обезбедување на континуитет во работењето во ново настанатите околности. Секако, новите услови на работење наметнаа зголемени трошоци и прилагодување на деловниот модел на работење на сите економски субјекти, вклучително и банките.

Годината која измина беше обележана како година на опоравување, во која се преземаа низа мерки за надминување на последиците од кризата, кои резултираа со пораст на бруто-домашниот производ за околу 4% што статистички преставува и закрепнување на економијата. Но, новите предизвици кои се случуваа во втората половина на годината, несигурноста во врска со продолжувањето на евроинтеграциските процеси, порастот на цените на енергенсите и репроматеријалите кои имаат голем удел во зголемувањето на инфлацијата како глобален феномен, пораст на трошоците на бизнисите што севкупно негативно ќе се одразат врз профитабилноста на компаниите, стандардот и куповната моќ на населението. Ова од друга страна ќе влијае врз можноста за редовно сервисирање на тековните кредитни обврски.

Во наведените услови, раководството на Банката и сите нејзини вработени се активно вклучени во обезбедување услови за непречено функционирање на целата инфраструктура, како и за поддршка на потребите на сите клиенти, на економијата и општеството во целина. Главен фокус е ставен на подобрување на дигиталната инфраструктура, која во дадените услови претставува неопходност, а истовремено е и пат кон иднината. Банката останува посветена и тесно поврзана со своите клиенти, континуирано проценувајќи ги нивните потреби со понуда на разумни и одржливи решенија и финансиски совети.

Банката продолжува активно да го следи развојот на кризата и да ги презема сите неопходни мерки и активности.

Стопанска Банка АД Скопје како една од системски значајните банки во земјата продолжи со остварување на успешни резултати во работењето и во 2021 година, како и во годините предходно. Така, добивката пред оданочување изнесува 2,729 милиони денари, што преставува зголемување за 25% во однос на предходната година. Вкупната актива на Банката забележа зголемување од 8% и изнесува 114,103 милиони денари. Со вкупен капитал и резерви од 19,792 милиони денари Стопанска Банка останува највисоко капитализирана банка со стапка на адекватност на капиталот од 16,5%.

## Финансиски показатели

| во милиони евра | 2020 | 2021 | промена % |
|---|---|---|---|
| **Индикатори на Билансот на успех** | | | |
| Нето приходи од камати | 60.2 | 62.4 | 3.7% |
| Нето приходи од провизии | 12.0 | 13.5 | 12.5% |
| Вкупни приходи | 79.6 | 85.2 | 7.0% |
| Оперативни трошоци | -28.6 | -29.4 | 2.8% |
| Нето оперативни приходи | 50.9 | 55.7 | 9.4% |
| Исправка на вредност | -15.6 | -11.5 | -26.8% |
| Добивка пред оданочување | 35.3 | 44.3 | 25.5% |
| **Нето добивка** | **32.1** | **40.0** | **24.6%** |

| **Индикатори на Билансот на состојба** | **2020** | **2021** | **промена %** |
|---|---|---|---|
| **Вкупна актива** | **1,718.3** | **1,851.5** | **7.8%** |
| **Вкупен капитал** | **281.7** | **321.2** | **14.0%** |
| Регулаторен капитал | 225.4 | 241.8 | 7.3% |
| Кредити на клиенти (нето) | 1,150.8 | 1,266.3 | 10.0% |
| **Вкупни кредити (бруто)** | **1,195.9** | **1,309.4** | **9.5%** |
| Кредити на население | 801.3 | 850.2 | 6.1% |
| Корпоративни кредити | 394.6 | 459.2 | 16.4% |
| Резервации | 45.0 | 43.2 | -4.0% |
| **Вкупни депозити** | **1,404.1** | **1,455.1** | **3.6%** |
| Депозити на население | 1,071.8 | 1,077.4 | 0.5% |
| Корпоративни депозити | 332.3 | 377.7 | 13.7% |

| **Финансиски коефициенти** | **2020** | **2021** | **промена (бп)** |
|---|---|---|---|
| Нето каматна маргина | 4.2% | 4.1% | -15.6 |
| Коефициент на расходи/приходи | 35.9% | 34.5% | -142.3 |
| Поврат на средства - ROA | 1.9% | 2.2% | 31.9 |
| Поврат на капитал - ROE | 12.1% | 13.3% | 115.1 |
| Коефициент на кредити/депозити (бруто) | 85.2% | 90.0% | 481.5 |
| Коефициент на адекватност на капиталот | 16.8% | 16.5% | -34.4 |

| **Оперативни индикатори** | **2020** | **2021** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Број на филијали | 64 | 64 | 0 |
| Број на вработени (крај на период) | 1008 | 983 | -25 |

Забелешка: Сите податоци во овој Извештај што се однесуваат на Стопанска Банка АД – Скопје се врз основа на финансиските извештаи изготвени во согласност со сметководствените прописи кои се применуваат во земјата и регулативата на НБРСМ

## Економско опкружување

*Пандемијата на ковид-19 продолжи да го измачува светот и во 2021 година. Ефектите од процесот на вакцинација не го дадоа посакуваниот резултат поради појавата на нови соеви од вирусот. Позитивно е што немаше целосни затворања, а тоа овозможи постепено закрепнување на глобалната економија. Сепак, нарушените синџири на понуда резултираа со значително повисоки цени во светот, особено кај компонентите храна и енергија. Имајќи ги предвид актуелните политички тензии, несигурноста се очекува да продолжи.*




**По падот од 6,1% во 2020 година, домашната економија покажа знаци на опоравување со пораст од 4,0% во 2021 година, главно воден од приватната потрошувачка и инвестициите.** Патувањата на дијаспората ги зголемија дознаките придонесувајќи кон поголема побарувачка. Најголемиот раст на БДП беше регистриран во вториот квартал (13,4%), притоа не заборавајќи на ниската споредбена основа. Сепак, актуелната глобална политичка нестабилност не дава позитивни изгледи за 2022 година.




Нарушените глобални синџири на понуда и неусогласеноста на понудата и побарувачката предизвикана од пандемијата, резултираа со висока инфлација ширум светот, која не е забележана во последните две децении. Многу земји регистрираа стапки на инфлација од над 5,0%, главно поттикнати од цените на храната и енергијата. **Просечната стапка на инфлација во домашната економија за 2021 година беше 3,2%, имајќи во предвид дека годишната стапка изнесуваше 4,9%.** Со оглед на тековните политички тензии на глобално ниво, нагорните ризици се силно присутни.




**Буџетскиот биланс** забележа подобрување во 2021 година како резултат на значајниот скок на приходите. Обемната поддршка на економијата во екот на пандемијата донесе дефицит од 8,2% од БДП во 2020 година. Воден од силните перформанси кај приходите (раст од 15,3%), буџетскиот дефицит во 2021 година се редуцираше на 5,4% од БДП. На крајот од 2021

година **јавниот долг** изнесуваше 7.135,3 милиони евра или 60,9% од БДП. Во март 2021 Република Северна Македонија ја издаде осмата еврообврзница во износ од 700 милиони евра со рок на доспевање од седум години и со историски најниска каматна стапка од 1,625%. Нејзината цел беше да ја рефинансира третата еврообврзница издадена во 2014 година, во износ од 500 милиони евра. Во согласност со Стратегијата за управување со јавниот долг, останува стремежот да се намали нивото на јавен долг значајно под мастришкиот критериум од 60% до 2026 година.

**Надворешната позиција во 2021 година остана стабилна резултирајќи со дефицит на тековната сметка од 415.7 милиони евра или 3,5% од БДП, нешто повисок од 2020 година.** Приватните трансфери значително порасна достигнувајќи 1,889.9 милиони евра, што е за 43,9% повеќе од претходната година, покривајќи 100,8% од трговскиот дефицит. Во однос на финансиската сметка, странските директни инвестиции исто така порасна достигнувајќи 512 милиони евра, споредено со 201.4 милиони во 2020. Соодветното ниво на бруто девизните резерви (3,643.3 милиони евра или 4,5 месечна покриеност на увозот) овозможи доволна амортизација при потенцијални непредвидени шокови.

**Според НБРСМ, сегашната позиција на монетарната политика е соодветна бидејќи поддржува солиден кредитен раст, а инфлацијата е во согласност со движењата во еврозоната.** Девизните резерви се на задоволително ниво, а девизната ликвидност во банкарскиот систем останува соодветна. Во март 2021 година, Централната банка ја намали референтнтата каматна стапка на благајничките записи на историски најниско ниво од 1,25%. Како и да е, со оглед на неизвесноста во однос на идните движења на инфлацијата и тензиите во Украина, НБРСМ наведува дека ќе продолжи внимателно да ги следи случувањата и потенцијалните ризици, нагласувајќи ја подготвеноста да дејствува по потреба, а заради поддршка на девизниот курс.




**За време на корона кризата, банкарскиот сектор успеа да остане добро капитализиран, ликвиден и профитабилен.** Тој покажа способност да ја поддржи економијата во сложени околности и понатаму да ги исполнува

барањата на своите клиенти. На крајот од 2021 година вкупниот депозитен раст достигна 7,8% на годишно ниво. Притоа, корпоративните депозити забележаа посилен раст од 11,6%, додека депозитите на население пораснаа за 7,1%. Кредитниот раст на крајот од годината достигна 8,3%. Кредитите на население пораснаа за 7,8%, додека корпоративните кредити беа повисоки за 8,7%. Нефункционалните изложености го продолжија надолниот тренд регистрирајќи 3,2% на 31.12.2021. Стапката на кредити/депозити на крајот од годината застана на 82,6%. Стапката на адекватност на капиталот со 31.12.2021 беше 17,3%. Показателите за профитабилност ROA и ROE беа нешто повисоки од претходната година, достигнувајќи 1,5% и 12,9% соодветно. Сé на сé, банкарскиот систем останува здрав, но ризиците е потребно будно да се следат.

## Основни макроекономски показатели

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Производство** | | | | | |
| Бруто Домашен Производ (реална стапка на раст) | 1.1 | 2.9 | 3.9 | -6.1 | 4.0 |
| Индустриско производство (годишна стапка на раст) | 0.2 | 5.4 | 3.7 | -9.5 | 1.4 |
| **Цени, плати и продуктивност** | | | | | |
| Индекс на трошоци на живот (годишен просек) | 1.4 | 1.5 | 0.8 | 1.2 | 3.2 |
| Индекс на трошоци на живот (крај на година) | 2.4 | 0.9 | 0.4 | 2.3 | 4.9 |
| Индекс на цени на производители (годишен просек) | 0.5 | -0.3 | 0.9 | 0.8 | 8.5 |
| Индекс на цени на производители (крај на година) | 1.4 | -0.8 | 1.1 | 1.8 | 15.0 |
| Реални плати (годишна стапка на раст) | 1.2 | 4.4 | 3.1 | 6.5 | 2.3 |
| **Статистика на владини финанси** | | | | | |
| Буџетско салдо (% од БДП) | -2.7 | -1.8 | -2 | -8.2 | -5.4 |
| **Надворешен сектор** | | | | | |
| Биланс на тековна сметка (% од БДП) | -1 | -0.1 | -3.3 | -3.4 | -3.5 |
| Извоз на стоки и услуги (во милиони евра) | 5,509 | 6,463 | 6,972 | 6,264 | 7,738 |
| Увоз на стоки и услуги (во милиони евра) | 6,921 | 7,828 | 8,585 | 7,642 | 9,613 |
| Извоз на стоки и услуги (стапка на раст) | 12.0 | 17.3 | 7.9 | -10.2 | 23.5 |
| Увоз на стоки и услуги (стапка на раст) | 8.3 | 13.1 | 9.7 | -11.0 | 25.8 |
| Бруто надворешен долг (во милиони евра) | 7,372 | 7,844 | 8,154 | 8,536 | 9,547 |
| Девизни резерви (во милиони евра) | 2,336 | 2,867 | 3,263 | 3,360 | 3,643 |
| Курс МКД / ЕУР (просек) | 61.6 | 61.51 | 61.52 | 61.69 | 61.632 |
| **Монетарни агрегати** | | | | | |
| М1 стапка на раст (дек. / дек.) | 10.7 | 18.7 | 17.2 | 16.4 | 8.7 |
| М2 стапка на раст (дек. / дек.) | 4.1 | 11.8 | 9.9 | 11.2 | 10.3 |
| М2 денари стапка на раст (дек. / дек.) | 5.4 | 14.5 | 12.7 | 10.6 | 5.5 |
| М4 стапка на раст (дек. / дек.) | 5.3 | 11.8 | 9.3 | 6.9 | 7.0 |
| М4 денари стапка на раст (дек. / дек.) | 6.4 | 14.0 | 11.4 | 5.5 | 1.7 |
| Кредити на приватен сектор | 5.7 | 7.3 | 6.0 | 4.7 | 8.3 |
| **Каматни стапки** | | | | | |
| Пазар на пари (годишен просек) | 1.10 | 1.07 | 1.10 | 1.07 | 1.02 |
| Благајнички записи (годишен просек) | 3.30 | 2.92 | 2.29 | 1.64 | 1.29 |
| Пазар на пари (крај на период) | 1.10 | 1.09 | 1.13 | 1.10 | 1.09 |
| Благајнички записи (крај на период) | 3.25 | 2.50 | 2.25 | 1.50 | 1.25 |
| **Пазар на капитал** | | | | | |
| Индекс на Македонска Берза - МБИ (стапка на раст на крај на година) | 18.9 | 36.6 | 34.0 | 1.2 | 30.8 |

*Извори: Министерство за финансии, Државен завод за статистика, Народна Банка на РСМ*

## Банкарски сектор и СБ

(во милиони денари)

| Позиција/Показател | Банкарски сектор | СБ | Пазарен удел |
|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 638,665.8 | 114,102.7 | 17.9% |
| Вкупни кредити | 383,626.7 | 78,315.2 | 20.4% |
| Вкупни депозити | 468,844.2 | 86,860.5 | 18.5% |
| Кредитен раст-население | 8.2% | 6.4% | |
| Кредитен раст-правни лица | 9.0% | 16.5% | |
| Депозитен раст | 8.8% | 3.4% | |
| Поврат на средства (ROA) | 1.5% | 2.2% | |
| Поврат на капитал (ROE) | 12.9% | 13.3% | |
| Трошоци / Приходи (C:I) | 47.4% | 34.5% | |
| Нето каматна маргина (NIM) | 2.6% | 4.1% | |
| Нефункционална изложеност | 3.2% | 3.9% | |
| Адекватност на капиталот | 17.3% | 16.5% | |

Извор: Податоците за банкарскиот сектор се од НБРСМ

Стопанска Банка АД Скопје поседува 17,9% од вкупната актива на банкарскиот сектор и приближно 1/5 од депозитите и кредитите. Во 2021 година реализираната стапка на раст на кредитите беше 8,9% и 3,4% на депозитите. Во текот на 2021 година, перформансите на Банката беа во многу аспекти подобри во споредба со вкупниот банкарски сектор како што е прикажано погоре. Имено, повратот на средства беше 2,2% наспроти 1,5%, повратот на капитал 13,3% наспроти 12,9%, нето каматната маргина 4,1% наспроти 2,6% и коефициентот трошоци/приходи далеку под банкарскиот сектор со извонредни 34,5% наспроти 47,4%. Стапката на адекватност на капиталот беше 16,5%.

## Финансиско работење

Најважните аспекти од финансиското работење на Банката се посочени подолу:

***Приходи од камати***

Во текот на 2021 година приходите од камати на кредити на население изнесуваа 48,7 милиони евра, со што имаа најголемо учество во вкупните приходи од камати од 72,9%. Во исто време, каматните приходи од корпоративни и други активности (инвестиции во хартии од вредност, меѓубанкарски пласмани и др.) изнесуваа 18,1 милиони евра, односно беа повисоки за 2,8% споредено со претходната година. Во услови на постојан тренд на опаѓање на каматните стапки, вкупните приходи од камати изнесуваа 66,8 милиони евра.

*Во милиони евра*

| | 2020 | 2021 | % промена |
|---|---|---|---|
| **Приходи од камати** | **67.0** | **66.8** | **-0.3%** |
| Кредити на физички лица | 49.3 | 48.7 | -1.2% |
| Кредити на правни лица | 12.6 | 13.3 | 5.6% |
| Останато | 5.0 | 4.8 | -4.0% |

### *Расходи од камати*

Како резултат на опаѓачкиот тренд на каматните стапки, па дури и постоењето на негативни стапки во евро-зоната, Банката регистрираше намалување на расходите од камати во просек околу 35%.

*Во милиони евра*

| | 2020 | 2021 | % промена |
|---|---|---|---|
| **Расходи од камати** | **6.80** | **4.4** | **-35.3%** |
| Депозити на физички лица | 5.20 | 3.3 | -36.5% |
| Депозити на правни лица | 0.60 | 0.3 | -50.0% |
| Останати обврски | 1.10 | 0.9 | -18.2% |

### *Нето приходи од камати*

Нето приходите од камати изнесуваа 62,4 милиони евра и се зголемија за 3,7% главно поради намалените расходи од камати, делумно како резултат на пониските каматни стапки на депозити при нивна преоценка, а делумно како резултат на промената на рочната структура на депозитите и поместување во категорија со пократка рочност. Трендот на опаѓање на каматните стапки е забележлив кај приходите од камати, каде дури и со зголемено салдо на кредити, Банката оствари приход од камати релативно еднаков на минатата година.

*Во милиони евра*

| | 2020 | 2021 | % промена |
|---|---|---|---|
| **Нето каматни приходи** | **60.2** | **62.4** | **3.7%** |
| Каматни приходи | 67.0 | 66.8 | -0.3% |
| Каматни расходи | 6.8 | 4.4 | -35.3% |

### *Приходи од провизии и надоместоци*

Во 2021 година нето приходите од провизии и надоместоци достигнаа 13,5 милиони евра. Најзначајниот дел (43,7%) се однесува на надоместоци од трансфери на средства во износ од 5,9 милиони евра, забележувајќи раст од 15,7% во споредба со минатата година. Нето приходот од кредитни активности е втора по големина ставка на надоместок, која на крајот од 2021 година изнесуваше 3,8 милиони евра, што претставува 28,1% од вкупниот приход од провизии и надоместоци.

*Во милиони евра*

| | 2020 | 2021 | % промена |
|---|---|---|---|
| **Нето приходи од провизии и надоместоци** | **12.0** | **13.5** | **12.5%** |
| Кредити | 3.8 | 3.8 | 0.0% |
| Гаранции | 0.7 | 0.8 | 14.3% |
| Трансфер на средства | 5.1 | 5.9 | 15.7% |
| Останато | 2.4 | 3.0 | 25.0% |

### *Оперативни расходи*

Во текот на 2021 година Банката продолжи да се стреми кон оперативна совршеност и во трошочната ефикасност и во управувањето со ризиците, што резултираше со одржување на трошоците во согласност со буџетот и одржување на солиден кредитен квалитет. Вкупниот оперативен трошок изнесуваше 29,4 милиони евра и остана на релативно исто ниво како и минатата година. Воспоставената ефективна политика за ограничување на трошоците во комбинација со растечките приходи допринесе Банката повторно да го намали релативно нискиот коефициент на трошоци во однос на приходи на 34,5%, значително под просекот на банкарскиот сектор.

## Средства и Обврски

### *Средства*

Вкупните средства на Банката на крајот од 2021 година изнесуваа 1.851,5 милиони евра, што е за 133,2 милиони евра или 7,8% повеќе во споредба со 2020 година. Банката продолжи да го подобрува својот прудентен пристап со рамномерен раст, соодветна ликвидност и силна капитална база. Учеството на ликвидната актива во вкупната актива на Банката изнесува 25,13%.

Вкупното кредитно портфолио изнесуваше 1.309,4 милиони евра, од кои 459,2 милиони евра отпаднаа на корпоративни клиенти, додека 850,2 милиони евра беа наменети за население.

***Депозити и капитал***

Депозитната база на Банката се зголеми за 3,6% или 51,0 милиони евра. Депозитите продолжуваат да бидат главниот извор на финансирање на Банката, во износ од 1.455,1 милиони евра и како резултат, на крајот од 2021 година, коефициентот на кредити во однос на депозити достигна 90,0% на бруто основа, доволен за да овозможи силен кредитен потенцијал. Дополнително, може да се забележи благо поместување во категоријата со пократка рочност на депозитите, со стабилни извори на средства за понатамошна кредитна експанзија.







Валутната структура на депозитната база укажува на стабилно учество на депозитите во домашна валута од 58% (60% во 2020 година)

Капиталот на Банката изнесуваше 321,2 милиони евра на крајот од 2021 година и како таков, тој се уште е највисок во банкарскиот сектор во земјата, обезбедувајќи солиден коефициент на адекватност и квалитетен извор на долгорочно финансирање.

## Банкарство на мало

2021 година беше уште една година сериозно погодена од пандемијата Ковид-19, па сепак, преку силните напори вложени во вакцинацинирање на населението, општествата започнаа со макотрпно враќање во нормалниот тек на животот, кое е сеуште во процес.

Во однос на банкарството на мало, по 2020 година, која беше година на забрани и силни мерки за органичување, 2021 година на некој начин донесе чувство на олеснување и, особено по првиот квартал, клиентите започнаа да се опуштаат и да се чувствува поголема ориентираност кон потрошувачка, во смисол на посмело трошење во секојдневни производи, во инвестирање и во нови искуства. Владината поддршка за одложена отплата беше финализирана кон крајот на првиот квартал, и во последователните три квартали кредитирањето на населението забележа враќање во постепен пораст.

Во текот на целата 2021 година, филијалите работеа со адаптирано работно време и со појака контрола на пристапот до работните простории, што, природно, ги усмери клиентите кон барање дигитални решенија и кон зголемена фреквенција и број на трансакции кои се извршуваат онлајн. Банката, исто така, беше поотворена кон онлајн клиентите, со понуда на проширени услуги за клиентите - физичките лица и СББ сегментот.

Контакт центарот, соочен со предизвикот од лимитираните простории за работа, иако се распредели на неколку локации, сепак продолжи со конзистентно обезбедување на премиум грижа за клиентите 24 часа во денот, зголемувајќи ги капацитетите за работа повеќекратно, споредено со годините пред пандемијата од Ковид-19.

СББ клиентите исто така се преориентираа во 2021 година и започнаа со инвестиции во иднината која ветува, преку прилагодување на нивната понуда со цел соодветно да одговорат на промените во наративот и на пазарот.

### *Депозити на население*

Базата на депозитите од население порасна во текот на 2021 година и достигна ниво од 1.08 милијарди, пресликувајќи ја, во континуитет, довербата која базата на клиенти ја има во Банката.

Коефициентот на депозитите по видување во однос на орочените депозити остана избалансиран, незначително на страната на депозитите по видување, ако се земе во предвид дека клиентите сеуште преферираат да имаат ликвидни тековни средства за времетраењето на Ковид кризата, дополнително на депозитите со најниски каматни стапки.

Коефициентот помеѓу странската валута и локалната валута е воглавно избалансиран, и се чини дека клиентите имаат прилично избалансирана потреба од едното или другото.

*Структура на депозитите по видување/ орочените депозити*




***Кредитирање на население***

На почетокот на март 2021 година, сите активности од доменот на кредитирањето беа повторно воспоставени и активирани, и беа скромно прилагодени на расположението на пазарот.

Промотивните понуди со временски ограничувања обезбедија солидни резултати, и беше постигнат пораст од 6% во кредитирањето на населението, споредено со 2020 година, со висок процент во категоријата кредити со обезбедување.

*Структура на портфолиото на население*




Портфолиото на **станбени кредити** забележа значителен пораст од повеќе од 14% споредено со 2020 година, пресликувајќи го, повторно, застојот во ситуацијата со недвижниот имот во 2020 година и заживувањето во 2021 година, кое се почувствува кај

клиентите. Банката продолжи да го поддржува проектот на Владата "*Купи куќа, купи стан*", субвенционирајќи го купувањето на првиот дом од страна на клиентите, во исто време одржувајќи ја основната дејност – нова градба или споредно купување на недвижен имот.

**Кредитите на клиентите** порасна за 8.6% споредено со 2020 година, прикажувајќи го расположението за инвестиции присутно кај клиентите, наспроти расположението за трошење.

***Картична дејност***

Портфолиото на картички продолжи да генерира повисок обем на трансакции со картички, особено во однос на дебитните картички, поради тоа што многу клиенти во текот на пандемијата беа охрабрувани да се преориентираат од плаќање во готовина кон плаќање со картички. Порастот на трансакциите со дебитни картички продолжи и оваа година исто така, и беше задоволителен да го компензира помалиот обем на трансакции со кредитни картички, што резултираше во кумулативен годишен пораст од 22% во обемот на ПОС терминалите, како за дебитните, така и за кредитните картички на СБ.

***Банкарско осигурување и соработка со Пензискиот фонд***

Банкарското осигурување на СБ продолжи да се развива и беа воведени неколку нови производи, со бенефити како за нашите клиенти, така и за нашите вработени и нашата главна дејност. Кредитните производи на СБ продолжија да се нудат со вклучени осигурителни производи и Банката сега исто така го нуди Unit Link животното осигурување (со опција за инвестирање), како и осигурувањето за заштита на кредитите (CPI) за одредени производи.

Патничкото осигурување продолжува да се нуди на лојалните клиенти – корисници на кредитни картички без провизија, што значително влијае врз продажбата на овој производ на клиентите од население. За СБ оваа активност претставува стабилен и растечки прилив на приходи.

***Услуги на Контакт центарот и i-bank услуги***

**Контакт центарот**, со својата достапност од 24 часа се воспостави како клучна точка за услуга на клиентите во условите на пандемијата со стриктни ограничувања во пристапот до филијалите. Интеракциите на клиентите со Контакт центарот на СБ продолжија да бележат пораст и го надминаа нивото од 50.000 директни интеракции месечно, обезбедувајќи значителен придонес на продажбата на производите и услугите од банкарство на мало на СБ.

2021 година продолжи со забележителниот пораст на корисници на **дигиталните и директните банкарски платформи** на Стопанска банка, достапни во рамки на i-bank

брендот.

Во доменот **дигитално банкарство за физички лица,** во 2021 година Стопанска забележа 20% годишен пораст на i-bank трансакциите, 10% пораст на активните i-bank корисници на услугата за вршење трансфер на средства, а повеќе од 110.000 клиенти го искористиле дигиталниот пристап до нивните сметки во 2021 година. Овој пораст е поддржан од новините во дигиталното банкарство воведени во 2021 година со цел да се поттикне онлајн најава во i-bank сервисот на СБ.

Што се однесува до **дигиталното банкарство за мали бизниси и други правни лица,** сведоци сме, исто така, на значителен пораст во 2021 година, кој доведе до тоа 80% од трансакциите на правните лица за 2021 година да се процесираат преку услугите на дигитално банкарство на СБ, додека само 20% сеуште ги користат филијалите за процесирање на нивните трансакции. Порастот на дигиталното банкарство на СБ за правни лица во 2021 година беше исто така поддржан од новините во дигиталното банкарство, како на пример: мобилното банкарство за правни лица, издавањето на нови дигитални сертификати и други надоградби.

***СББ сегментот***

Во самата супштина, СББ сегментот е многу прилагодлив, разноличен и претприемнички, што придонесува за брз одговор на кризата поради фактот што за некои од нив е полесно да се диверзифицираат и да ја надминат економската нестабилност, како и потоа да се фокусираат повторно на пораст.

Бевме сведоци токму на тоа во 2021 година, кога се случи солиден пораст во кредитирањето на СББ сегментот од 16%, во најголем дел поради тоа што клиентите побарувваа кредити за обртен капитал, но исто така и инвестициски кредити и кредити за диверзификација.

Препознавајќи јак, доверлив финансиски партнер и консултант во нашиот СББ тим, компаниите успеаа да изнајдат прозводи и да договорат прилагодени услови, и овој вид на партнерство продолжува, во најголем дел врз основа на фактот што Банката нуди широк асортиман на производи, погодни за малите бизниси: депозити, платен промет, процесирање на плати, добивање ПОС терминал итн.

## Корпоративно банкарство

Како продолжение на пандемијата од 2020 година, изминатата 2021 година донесе многу предизвици и неизвесности во економиите и општествата во целина. Сепак, како и во претходните години, и во 2021 година продолжи трендот на растечка конкуренција на

банкарскиот пазар, придонесувајќи за одржување на околина на ниски каматни стапки и натамошно намалување на цените на другите банкарски услуги.

Стопанска Банка АД Скопје продолжи со реализација на дефинираната стратегија за зголемување на пазарното учество во корпоративното кредитирање. Притоа, остварениот годишен раст на корпоративното кредитно портфолио на Банката во 2021 година, изнесува 16,1%, односно 63,95 милиони евра во денарска противвредност. Како резултат на овој раст, пазарниот удел на Банката во корпоративното кредитирање, заклучно со декември 2021, година достигна ниво од 15,4%. Промените во пазарниот пристап на Банката и успешно инплементираната стратегија резултираа со ефективна и конкурентна пазарна понуда, ширење на клиентската база и зголемено пазарно учество. Притоа, како и во почетниот период на пандемијата, Банката продолжи со активностите за засилен мониторинг на квалитетот на корпоративното портофлио и детална анализа на секој поединечен клиент со цел навремено да се дизајнира соодветно решение, во зависност од потребите и барањата на секој корпоративен клиент.

Продолжената криза со Ковид 19, енергетската криза, инфлаторните притисоци, како и најновите серизони настани во врска со Украинската криза, остануваат високо на агендата на прашања од важност за секојдневно управување со портфолиото на Банката, заради внимателно планирање и интензивно следење на пазарните услови и пошироката околина.

Сепак, и покрај нестабилното пазарно опкружување во глобални рамки и силната конкуренција, Стопанска Банка ќе го продолжи трендот на раст на корпоративното портфолио и зголемување на пазарниот удел на корпоративното кредитирање, во согласност со своите кредитни политики и со примена на најдобрите прудентни стандарди. Како и во досегашниот период, секој корпоративен клиент ќе може да користи кредитни и депозитни производи на Банката кои најдобро одговораат на неговите потреби и бизнис интереси, со цел успешно соочување со предизвиците на новата околина во која живееме и работиме како и креирање на можности за понатамошен развој на секоја компанија, поттикнување на поголемо производство, нови проекти како и повеќе ново отворени работни места.

## Управување со ризици

*Како една од најголемите финансиски институции во земјата која нуди банкарски услуги, Стопанска Банка АД Скопје е изложена на различни ризици. Без превземање на ризици, невозможно е профитабилно банкарско работење, поради што СБ превзема одреден степен на ризици како што е дефинирано во Рамката за прифатливо ниво на ризик. Банката управува со овие ризици преку сеопфатна рамка што го интегрира управувањето со ризиците во секојдневните деловни активности и стратешкото*

*планирање. Главната цел на функцијата за управување со ризик на Банката е да го заштити интересот на своите клиенти и акционери преку разумно управување со ризикот поддржан од силна култура на ризик, како и изобилство на ликвидност и силна капитална база.*

Ефективното управување со ризиците бара тоа да се спроведува низ целата банка. Структурата за ризик и контрола на СБ се заснова на моделот на управување со „три линии на одбрана", воведен во 2019 година. Секоја линија има специфична улога и дефинирани одговорности, при што извршувањето на задачите се разликува од контролата на истите. Трите линии тесно соработуваат за да ги идентификуваат, проценат и намалат ризиците. Прво и најважно, бизнисот (вклучувајќи ги и функциите за поддршка) има сопственост над ризиците, со кои управува и презема одговорност (прва линија). Рамката за управување со ризици на Банката е обезбедена од функцијата Управување со ризици и Усогласеност со прописи (втора линија). Двете функции подразбираат преземање ризик и следење на профилот на ризик. Внатрешната ревизија (трета линија) обезбедува независна контрола, совети и увид во квалитетот и ефективноста на внатрешните контроли, управувањето со ризиците, усогласеноста со прописите и управувањето со Банката.

Функцијата за управување со ризици на СБ го поддржува Управниот одбор при дефинирање на прифатливото ниво на ризик, стратегиите, политиките и лимитите на изложеност. Исто така, овозможува увид и поддршка за целата Банка за прашања поврзани со ризик. Главни финансиски ризици за СБ се кредитниот ризик, ликвидносниот ризик и пазарниот ризик. Во актуелните сложени деловни услови, СБ е исто така изложена на нефинансиски ризици како што се оперативниот, ИТ и ризикот од неусогласеност со прописите.

Примарната улога на независната функција за управување со ризици на Банката е правилно и навремено идентификување, мерење и управување со ризиците во нормални и специфични економски услови, како и надзор дали деловните активности се во согласност со стратегијата и прифатливото ниво на ризик на Банката. Со цел да се одржи адекватен профил на ризик, Банката користи алатки како што се прудентни критериуми за ризик, оценка на ризици, модели за рангирање и вреднување кои постојано се разгледуваат, валидираат и подобруваат во согласност со најдобрите практики во банкарската индустрија.

СБ има воспоставена рамка на политики, процедури и стандарди за управување со ризици за да создаде конзистентност низ целата организација и да дефинира барања што се задолжителни за сите деловни единици. Менаџментот на Банката е одговорен за спроведување и за придржување до политиките, процедурите и стандардите. Политиките, процедурите и стандардите редовно се ревидираат и ажурираат преку релевантните одбори за ризик за да се рефлектираат промените во барањата, пазарите, производите и практиките.

Пандемијата на Ковид-19 ги наруши животите во сите земји и заедници и негативно се одрази на глобалниот економски раст во 2020 година, повеќе од сè што е доживеано во речиси еден век. Глобалната економија се намали во 2020 година, бидејќи побарувачката и понудата, трговијата и финансиите беа сериозно нарушени. Несомнено и 2021 беше обележана со непредвидливиот карактер на Ковид-19 пандемијата, вклучувајќи ја и појавата на нови варијанти на вирусот и рестриктивните мерки кои произлегуваа следствено. Предизвиците на светскиот синџир на снабдување и зголемената инфлација беа исто така дел од економската неизвесност. Сепак, и покрај овие предизвици, светската економија почна да закрепнува брзо и подобро од очекуваното. Во линија со глобалните трендови, забележано е постепено закрепнување и на локалната економија.

Пандемиската криза донесе потреба за интензивно следење на кредитниот и ликвидносниот ризик. Банката, исто така, изврши неколку видови на стрес-тестови и секторски анализи за да го процени потенцијалниот удар врз нејзината финансиска позиција, што ѝ помогна на СБ да дефинира соодветни митигирачки активности.

Останува цел на Банката, дури и во овие тешки времиња, да се стреми кон континуирано подобрување на рамката за управување со ризици во согласност со идните регулаторни барања и меѓународните стандарди, најдобрите практики и променливите услови на пазарот. Културата за ризик е важна интегрална компонента на управувањето со ризиците и Банката има активен пристап кон зголемување на свесноста за ризик и зајакнување на културата за ризик на сите нивоа на работење, преку соодветни обуки и работилници.

***Управување со кредитен ризик***

Како еден од најзначајните ризици на кои Банката е изложена, кредитниот ризик е ризикот дека Банката ќе претрпи економски загуби доколку другата страна не може да ги исполни своите договорни или други финансиски обврски кои произлегуваат од договор за кредит. Од тие причини, за Банката е од суштинско значење да се потпре врз сеопфатно знаење и разбирање на дејноста на клиентот, секторот, управувањето, целите, финансиските показатели, можностите и предизвиците со цел да преземе соодветна одлука. За таа цел, кредитните политики на СБ за прудентно кредитирање вклучуваат детална проценка на ризиците пред било која кредитна одлука и општ сет на минимум стандарди за проценка на кредитниот лимит, одобрувањето, обновувањето и следењето на кредитната изложеност. Извршените кредитни проценки се поддржани од систем за рангирање на ризиците и статистички модел на бодување кој, врз основа на разновидните инпути на квантитативни и квалитативни податоци, обезбедува квантификација на нивоата на кредитен ризик. Конечно, воспоставени се Овластени тела за кредитно одобрување со искусни и професионални членови за одобрување и обновување на кредитните изложености.

Откако ќе се воспостави кредитен однос, СБ применува процес на интензивно следење кој овозможува рана идентификација на било какво влошување на профилот на ризик на клиентот или на група на клиенти. Процесот на следење се состои од редовно ревидирање на кредитите во текот на животниот циклус на производот, внатрешна класификација на ризиците, систем за рано предупредување и систем за идентификување на сигнали за значително зголемување на кредитниот ризик SICR (Significant Increase of Credit Risk) и неможност за наплата од клиентот UTP (Unlikely to Pay), кои заедно ги идентификуваат раните сигнали на влошување на кредитоспособноста на клиентите и се стремат кон обезбедување навремено преземање на потребни дејства со цел да се минимизира загубата. Кредитната изложеност исто така континуирано се следи според воспоставени лимити на концентрација по сектор, вид на обезбедување, рангирање на должникот итн., во линија со Рамката за прифатливо ниво на ризик на Банката.

Во линија со најдобрите меѓународни практики, и следејќи го процесот и методологијата за исправка на вредноста и посебна резерва, Банката обезбедува адекватно ниво на резервации за потенцијални загуби по кредити.

И покрај ефектот кој пандемијата ја имаше врз светската и домашната екомонија, во текот на 2021 година, Банката продолжи со избалансиран пораст на кредитното портфолио кој одговара на стратегијата и репутацијата на Банката. Сите нејзини цели во рамки на кредитниот ризик, алатки и јасната структура на процесите на управување со ризици се инкорпорирани во внатрешните кредитни политики и Рамката за прифатливо ниво на ризик на Банката, одобрени од страна на Надзорниот одбор.

*Квалитет на кредитното портфолио*

Во рамки на имплементираната солидна рамка за управување со кредитен ризик, СБ успеа да одржи солидно и разновидно кредитно портфолио во 2021 година. Растот на кредитното портфолио, проследено со одржување на низок и контролиран коефициент на нефункционални пласмани е една од главните стратешки цели, којашто банката успеа да ја оствари во изминатата година и покрај намалената економска активност на домашната екомонија, предизвикана од пандемијата со Ковид-19.




Согласно Методологијата на НБРСМ, секоја изложеност на кредитен ризик се класифицира во една од петте категории (А, Б, В, Г и Д). Изложеноста во рамки на најдобрата категорија на кредитен ризик, „А" се зголеми од 88,1% во 2020 на 91,1% во 2021, најмногу за сметка на изложеноста класифицирана во „Б" категорија, која се намали од 7,2% во 2019 на 4,5% во 2021 година. Изложеностите класифицирани во категорија „Г" и „Д" со висок кредитен ризик се намалија за 0,2 процентни поени во споредба со 2020 година и сочинуваат 2,% од кредитното портфолио на Банката.

*Структура на концентрацијата*

Кредитниот ризик од концентрација е ризик од загуба поради недостаток на диверзификација на ризиците во портфолиото, предизвикан од релативно големи концентрации на изложености кон позитивни и во голема мера поврзани договорни страни (коминтенти). Со цел да се избегнат прекумерни концентрации на кредитен ризик, СБ има за цел да го диверзифицира кредитниот ризик и да утврди лимити кон клиенти поединци и групи на поврзани клиенти (концентрација на должници), изложеност во рамките на одреден индустриски сектор (концентрација на индустрија), вид на обезбедување итн. Утврдените лимити се ревидираат најмалку на годишна основа како дел од политиките и процедурите за кредитен ризик.

СБ ја следи кредитната изложеност во однос на поставените лимити на концентрација на редовна основа, поткрепувајќи ги заклучоците со соодветни корективни мерки.







***Управување со ликвидносен ризик***

Банката во континуитет ја одржува ликвидносната позиција на високо ниво и на тој начин овозможува непречено извршување на сите банкарски активности и регулативни барања. Ликвидноста на Банката произлегува во најголем дел од депозитите на населението и компаниите, од кои средствата по видување и трансакциските сметки се над 60% од депозитната основа која се карактеризира со големи флуктуации на дневна основа. Во вакви околности управувањето со ликвидноста има потреба од соодветно одржување на инструменти, распоредени по рочна и валутна структура соодветно на ликвидносните потреби. Така, ликвидносната позиција се состои од: готовина во трезор и благајни (6%), средства на сметки во домашни и странски банки, вклучувајќи ги и средства на задолжителните резерви во НБРСМ (52%) и позиции во хартии од вредност (43%).

Одржувањето на ликвидноста на Банката се заснова на подготовка на неколку видови на сценарија и проекции на паричните текови и усогласување на приливите и достасувањата на обврските. Планирањето и управувањето на ликвидноста се врши на дневна основа со мониторирање во реално време на оние позиции кои имаат најзначајно влијание. Во услови на пандемија и глобална неизвесност, Банката успешно се справи со сите шокови што претставува потврда на капацитетот и отпорноста на Банката од несакани влијанија.

Банката постојано го ревидира и унапредува системот на управување со ликвидноста кој се состои од воспоставени политики и процедури и механизми на одбрана поставени на три нивоа- оперативно управување од страна на Секторот за средства и ликвидност, второто ниво - Секторот за ризици и третото ниво на одбрана и заштита- системот на интерни контроли.

*Регулаторни обврски*

Просечното исполнување на денарската задолжителна резерва изнесуваше 100,19% што упатува на квалитетно управување со расположливата ликвидност. Во текот на 2021 година со новата Одлука за методологијата за управување со ликвидносниот ризик се воведе обврска за банките за одржување на определено минимално ниво на т.н стапка на покриеност со ликвидност. Овој базелски ликвидносен стандард е дизајниран да обезбеди банките да одржуваат доволна резерва на висококвалитетни ликвидни средства која ќе им овозможи отпорност на значителен ликвидносен стрес во период од 30 календарски дена. Банката ги исполнува овие регулативни барања со многу поголем процент од минимално пропишаното ниво кое изнесува 100%.

Учеството на најголемите десет депоненти во изворите на средства на Банката на 31.12.2021 изнесува 12,30%, што претставува ниско ниво на концентрација т.е. добра диверзификација.

Агрегатната девизна позиција исто така се следеше на дневна основа, а нејзиното движење беше во рамките на дозволените регулаторни прагови од +/- 30% во однос на сопствените средства на Банката.

*Структура на ликвидни средства*

Банката одржува оптимална структура на ликвидни средства согласно нејзините потреби и пошироките потреби за управување со активата и пасивата.

Во текот на 2021 година, просечната структурата на ликвидносни средства е следна:

- Готовина и средства кај НБРСМ – 36%
- Меѓубанкарски пласмани - 22% од ликвидносните средства
- Хартии од вредност - 43% од ликвидносните средства

Нивото на високо ликвидни средства кои се состојат од парични средства и парични еквиваленти, средства за тргување и вложувања во хартии од вредност изнесува околу 29%% од вкупните средства на Банката.

*Операции на финансиските пазари*

Со своите активности на девизниот пазар Банката продолжува да биде голем поддржувач на компаниите и населението, посредувајќи во понудата и побарувачката на девизни средства пред сè од сопствени извори и обезбедувајќи само мал дел од останатите поддржувачи на пазарот. Во текот на 2021 година вкупниот обем на девизниот пазар изнесуваше 1,4 милијарди евра, од кои 43% беа трансакции за купување на девизи, а 57% беа трансакции на страната на продажбата. Од аспект на валутната структура, 79% беа трансакции во евра, 18% трансакции во американски долари и само 3% трансакции во останати валути.

***Управување со ризикот од промени во каматните стапки***

Ризикот од промена на каматните стапки претставува веројатност дека промените во каматните стапки може негативно да влијаат врз вредноста на финансискиот инструмент, портфолиото или Банката како целина.

Процесот на СБ за управување со ризикот од промена на каматни стапки ја одразува стратегијата на Банката за ризици, толеранцијата за ризици, деловните активности, севкупното оперативно опкружување и пазарните услови, имајќи ги предвид можните промени на каматните стапки и нивното влијание врз добивката и економската вредност на капиталот на Банката.

СБ ја препознава нејзината изложеност на ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности (РПКСПБА) и потребата за негово ефикасно управување како интегрален дел од посветеноста на Банката да ги штити интересите на своите клиенти и акционерите. Во тој поглед, СБ ја препознава важноста за управување со РПКСПБА во ефикасното управување со нејзиниот биланс на состојба, нејзиниот капитал и нејзиниот тек на заработка.

Банката ја анализира чувствителноста на нето каматните приходи и вредноста на капиталот од промената на каматните стапки. Оваа чувствителност произлегува од различните периоди на достасување како и од периодот на преоценка на различните позиции во билансот на состојба. Оценката на ризикот од промена на каматните стапки се врши преку следење на изложеностите кои произлегуваат од портфолиото на банкарски активности, земајќи го во предвид фактот дека нема портфолио на тргување чувствително на каматни стапки во билансот на состојба на СБ.

Банката има воспоставено рамка за управување со ризикот од промена на каматна стапка со цел да се минимизираат ефектите од негативни промени во идните каматни стапки и да

се обезбеди навремено идентификување, мерење, следење и ублажување на изложеностите на ризик од промена на каматната стапка. Рамката ги опфаќа факторите на ризик и нивна оценка, методологиите за мерење, методологијата за стрес тестирање, ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности (Interest Rate Risk in the Banking Book IRRBB), неговата метрика и лимити со цел да се осигури негово соодветно мерење, следење и контрола.

Главната цел на управувањето со ризикот од промена на каматните стапки е да се ублажи ризикот од создавање загуби кои произлегуваат од промените на пазарните каматни стапки до прифатливо ниво преку соодветно моделирање на структурата на каматочувствителните позиции во билансот на состојба и вонбилансните позиции.

На крајот од 2021 година, коефициентот на вкупната нето пондерирана позиција во однос на регулаторниот капитал беше многу под регулаторниот максимум од 20% и резултираше во незначителна изложеност кон ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности (IRRBB).

СБ продолжува да управува со изложеностите кон ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности (IRRBB) преку воспоставување соодветна структура на позиции чувствителни на промени на каматните стапки, со цел тие средства и обврски да бидат во силна корелација, што резултира во незначителен јаз помеѓу преоценката и достасаноста, а со тоа и ниско ниво на изложеност на ризик од промена на каматните стапки.

***Управување со валутен ризик***

Во рамките на дневното управување со ликвидноста, Банката води сметка и за управување со валутниот ризик, односно отворените девизни позиции во странски валути. Валутниот ризик е ризикот од загуба заради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути. Примарна цел на управувањето со структурата на валутната изложеност на Банката е да се намали влијанието од флуктуациите на девизните курсеви.

Системот за идентификација, мерење, следење и контрола на валутниот ризик или девизниот ризик ги опфаќа сите активности и трансакции на Банката кои ги вклучуваат билансните и вонбилансните позиции кои се водат во странска валута и денарските позиции со девизна клаузула. Структурата на Билансот на состојба на СБ се состои од средства и обврски во различни валути, но главно во МКД и ЕУР.

СБ управува со валутниот ризик преку пресметка и следење на отворените девизни позиции на дневна основа, обезбедувајќи усогласеност со прописите и интерните лимити на изложеност во основните валути, поодделно, како и на агрегатно ниво. Банката ја

одржува агрегатната девизна позиција т.е изложеноста на валутен ризик во рамки на законски предвидениот лимит кој изнесува 30% од сопствените средства на Банката.

Во 2021 година, процесот на управување со валутен ризик беше реализиран во рамки на пропишаните законски и интерни лимити налик изложеност на валутен ризик.

***Управување со оперативен ризик***

СБ применува сеопфатна Рамка за управување со оперативниот ризик (ORMF) со цел идентификување, управување и спречување на оперативни ризици кои резултираат од несоодветни или паднати системи, внатрешни процеси, човечка грешка или надворешни влијанија.

СБ има конзистентна и високо квалитетна Рамка за управување со оперативен ризик (ORMF), со цел да:

- Промовира свесност за оперативниот ризик и култура за ризици во целата Банка, на тој начин понатаму придонесувајќи за ефикасен процес и ефективна контрола
- Воспостави комплет на фундаментални стандарди за управување со оперативниот ризик во Банката што води кон избегнување на неочекувани и катастрофални загуби и минимизирање на очекуваните загуби
- Осигури дека деловните цели се исполнуваат со контрола на ризиците
- Обезбеди економичност при работењето со намалување на обемни издатоци и избегнување на прекумерни или застарени контроли
- Обезбеди конзистентност со соодветни најдобри практики и усогласеност со регулаторните (квантитативни и квалитативни) барања
- Го подобри користењето на регулаторниот капитал, во врска со оперативниот ризик
- Го подобри квалитетот на информациите за оперативниот ризик што доведува до поинформирано донесување одлуки за ризик и распределување на капитал

Рамката има за цел да ги одржува оперативните ризици во рамки на умерен/ низок профил на ризик, и истата е во линија со апетитот за ризици на Банката и НБГ Групацијата.

Моделот за управување со оперативен ризик на СБ се базира на "модел со три линии одбрана", креиран за ефективно управување со оперативниот ризик (OR). Процесот на управување со оперативниот ризик (ORM процес) е силно вграден во дневните бизнис процеси на Банката.

Според дефиницијата во Базел Рамката усвоена од страна на Стопанска Банка, оперативниот ризик вклучува и правен ризик, ризик од неусогласеност, ризик од перење на пари и финансирање на тероризам како и ризик од несоодветност на информативни системи.

Со унапредување на ORMF, Стопанска банка ги обезбедува основите, принципите и аранжманите на управување за дизајнирање, спроведување, следење, преглед и континуирано зајакнување на управувањето со оперативниот ризик низ целата банка.

Во управувањето со оперативниот ризик Стопанска банка се базира на следниве клучни компоненти на рамката и нивните соодветни политики за внатрешно управување:

- Политика за управување со внатрешни настани (IEM Policy)
- Политика за клучни индикатори на ризик (KRI Policy)
- Политика за самопроценка и контрола на ризици (RCSA Policy)
- Политика за анализа на сценарио (SA Policy)

Во текот на последниот квартал на 2021 година во согласност со редовното ажурирање СБ ја надгради Одлуката за воспоставување Клучни индикатори за ризик за управување со оперативниот ризик во Стопанска банка АД, како една од четирите клучни компоненти кои ја сочинуваат рамката за управување со оперативниот ризик (ORMF).

Клучните индикатори за ризик за управување со оперативниот ризик во Стопанска банка во 2021 година беа дополнети со 15 нови индикатори од кои: 1 годишен, 1 квартален, 8 полугодишни и 5 месечни индикатори.

Севкупниот фокус на процесот за управување со оперативен ризик (ORM процесот) во 2021 беше насочен на понатамошно зајакнување на функцијата за управување со оперативниот ризик во целата банка преку посветување значително внимание на пријавувањето штетни настани, мерки за нивно ублажување и дефинирање на оперативни ризици во сите сегменти. Подигнување на културата за оперативен ризик и свесноста за прашањата од оперативен ризик, како и зајакнато следење на изложеноста на оперативен ризик се постигнува со интензивна проактивна улога од страна на Секторот за управување со ризици, со намера изложеноста на оперативен ризик да се елиминира или ублажи во согласност со профилот на ризици на Банката, стратегијата за ризици и бизнис целите.

ORMF на СБ обезбедува структуриран пристап за управување со оперативниот ризик. Применува конзистентни стандарди и техники за проценка на оперативните ризици.

Во текот на 2021 година, сите главни основни компоненти на ORMF беа целосно имплементирани во согласност со Политиката и методологиите за управување со оперативниот ризик на Стопанска банка и НБГ Групацијата и во согласност со регулаторните стандарди и последователно, процесот на ORM беше остварен со висока експертиза, избегнувајќи негативно влијание врз финансиски резултати и капитална позиција, обезбедувајќи ефективна, соодветна и со интегритет имплементирана Рамка на управување со оперативен ризик (ORMF).

Во рамките на годишниот стрес тест на Банката се врши и стрес тестирање на оперативниот ризик чија цел е да ја оцени способноста на Банката за ублажување на главните загуби кои произлегуваат од несоодветни или неуспешни внатрешни процеси, луѓе и системи или од надворешни настани.

## Адекватност на капиталот, Интерен процес на оценка на адекватност на капиталот и Стрес тест

Одржувањето силна капитална база како предуслов за раст на бизнисот и апсорбер на сите можни ризици претставува приоритет и главен фокус на Банката. Вкупниот регулаторен капитал на Банката со состојба од 31.12.2021 година изнесуваше 241,8 милиони евра, од кои основниот капитал (Tier 1) изнесуваше 240,3 милиони евра, а дополнителниот капитал (Tier 2) изнесуваше 1,5 милиони евра, што резултираше во коефициент на адекватност на капиталот од 16,5% со состојба од 31.12.2021 година.

Како дел од прудентно воспоставената Рамка на управување со ризици, Банката редовно спроведува Интерен процес на оценка на адекватноста на капиталот (ICAAP) и ја оценува отпорноста на адекватноста на капиталот преку стрес тестирања, при тоа земајќи ги во предвид тековните околности и ризиците кои доминираат во моментот на стрес-тестирањето, предвидувајќи ги очекуваните ризици. Интерниот процес на оценка на адекватноста на капиталот (ICAAP) на Банката потврдува дека капиталот на СБ е доволен за покривање на сите материјални ризици на кои е изложена Банката, како и дека утврдениот вишок на капитал е повеќе од доволен да ги покрие сите ризици кои не може адекватно да се квантифицираат, но на кои Банката е изложена во текот на своите редовни бизнис активности. Како што е пропишано, стрес тестирањата се исто така интегрален дел од рамката за управување со ризици, особено потребни да обезбедат проценка и да обрнат внимание на големината на финансиските загуби и нивното влијание врз севкупниот бизнис, вклучувајќи ја и адекватноста на капиталот. Во текот на 2021 година, Банката спроведе различни стрес тест сценарија за да се испита во однос на чувствителноста на претходно утврден сет од ектремни но веројатни шокови, вклучувајќи и стрес тест сценарио кое ги опфаќа специфичните негативни околности кои се резултат на COVID 19 пандемијата. Стрес тестирањата го земаа во предвид влијанието од различни сценарија од доменот на кредитниот ризик, ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности, ликвидносниот ризик, валутниот ризик и оперативниот ризик, како и сценарија кои вклучуваат комбинација од сите ризици.

Резултатите од стрес тестирањата докажаа дека Банката може да се справи и е отпорна дури и на многу песимистички претпоставки. Таквата отпорност воглавно го одразува прудентното управување со ризиците, добро воспоставениот бизнис модел, стратегијата,

системите и процедурите кои овозможуваат одржлива и силна капитална база и позиција на висока ликвидност, како силен штит од сите можни ризици и шокови.

## Активности за контрола на усогласеноста со прописите, спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризмот

Во текот на 2021 година, Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите спроведе голем број на активности за следење на примената на сите релевантни новини во домашната и меѓународната регулатива поврзани со банкарското работење преку постојана имплементација на ефикасен систем за контрола на активностите на СБ во согласност со важечките домашни и меѓународни прописи. Овие активности вклучуваа:

- Воспоставување на ефикасни интерни процедури и организациони структури за идентификување, следење и управување со можните ризици поврзани со усогласеноста на СБ со важечките прописи;
- Континуирана обука на вработените на Банката;
- редовно, најмалку на месечно и на полугодишно ниво, доставување на извештаи до Управниот одбор и до Надзорниот одбор;
- континуирана соработка со релевантните надворешни институции во согласност со Законот за банките;
- редовно поднесување на извештаи до даночните органи на САД во согласност со Законот FATCA, итн.,

со што се обезбедува добра репутација и кредибилитет на СБ пред нејзините акционери, клиенти, инвеститори, регулаторни и супервизорски органи и други надлежни институции како и развој на култура за усогласеност со прописите кај сите вработени на СБ.

Во врска со активностите за Спречување на перење пари (СПП) и Борбата против финансирање на тероризам (БФТ), во текот на 2021 година Секторот спроведе низа активности за примена на мерките и активностите согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Закон), како и за подобрување и натамошно усовршување на интерните системи и процеси што се користат во Секторот на дневна основа. Исто така, во текот на 2021 година бројот на вработени во Секторот беше одржуван на ниво предвидено согласно со одредбите од Законот.

Секторот за контрола на усогласеноста на работењето со прописите ќе продолжи да ги врши своите редовни активности во насока на одржување и зајакнување на културата за

усогласеност со прописите во рамките на СБ, како и постигнување севкупна усогласеност на работењето на Банката со релевантната регулатива како нејзина главна цел.

## Заштита на лични податоци

Приватноста и доверливоста на клиентите на Банката е од најголема важност за Стопанска банка, имајќи ја предвид природата на банкарското работење и податоците што банките ги собираат за нивното секојдневно работење. Банката повторно го именува Офицерот за заштита на личните податоци и цела мрежа на вработени по организациони единици кои се грижат дека личните податоци се:

- ✓ обработуваат на етички и законски начин,
- ✓ се собираат за конретни, јасни и легитимни цели и
- ✓ се чуваат и обработуваат со соодветно ниво на безбедност и само за временскиот период предвиден за исполнување на целите на собирање и обработка.

Во август 2021 година стапи на сила новиот Закон за заштита на личните податоци, кој ја транспонираше Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ. Следствено, Банката иницираше низа активности со цел целосно усогласување со новите регулаторни барања и највисоките стандарди на заштита на личните податоци, како што се:

- ✓ Редовна комуникација и активности поврзани со подигање на свеста и обука на вработените во Банката со цел да се обезбеди тајност и заштита на доверливоста на податоците на клиентите на СБ;
- ✓ Ревизија на Политиката за заштита на личните податоци како интернет акт на највисоко ниво донесен од Надзорниот одбор;
- ✓ Ажурирање на интерниот акт за вршење на видео надзор и зајакнување на контролните механизми за обработка на лични податоци преку видео надзор;
- ✓ Усвојување на Политика за приватност достапна на веб-страницата на СБ која е усогласена со стандардите на Групацијата и Законот за заштита на личните податоци;
- ✓ Активности кои гарантираат дека директниот маркетинг на Банката може да се изврши само доколку целниот клиент дал претходна експлицитна согласност за таа цел (проверка на системот како задолжителен чекор во процесот);
- ✓ Ажурирање на политиката за колачиња на веб-страницата на СБ;

- ✓ Повторно именување на Офицер за заштита на лични податоци кој го координира процесот на усогласување со Законот за лични податоци;
- ✓ Ревидирана апликација за регистрирање и ажурирање на клиенти на Банката која е главен и почетен документ при кој се собираат лични податоци на клиентите на СБ; итн.

Исто така, претставник на СБ е назначен за претседател на новоформираната Комисија за заштита на личните податоци при Македонската банкарска асоцијација, која служи како тело кое промовира унифицирана и целосна имплементација на стандардите за заштита на личните податоци и приватност во банкарскиот сектор.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Стопанска банка АД – Скопје (СБ) е една од најголемите, најпрофитабилните и најсолидните системски банки во земјата со високо софистициран и ефикасен систем на корпоративно управување воспоставен преку следење на најдобрите практики, стандардите на НБГ Групацијата, соодветната регулатива, како и стратешките потреби на Банката и нејзините заинтересирани страни. Одговорното корпоративно управување е највисок приоритет за Банката што поддржува целосно спроведување на нејзиниот деловен план со оперативна извонредност и интегритет.

Извештајот за корпоративно управување се презентира на акционерите на СБ и на јавноста во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и Законот за трговски друштва.

### 1. Органи на СБ

### 1.1. НАДЗОРЕН ОДБОР

Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје се состои од 7 членови, од кои 2 се независни, со утврден мандат од четири години, а ги именува Собранието на акционери. Составот на Надзорниот одбор во 2020 година е следен:

1. Маринис Стратопулос, **Претседател на Надзорниот одбор на СБ,** Генерален извршен директор на НБГ Кипар ДОО;
2. Христодолу Христодулос, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Генерален финансиски директор, Национална банка на Грција С.А. Атина;
3. Димитра Гудуфа, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Директор на Секторот за стратегија на Групацијата, Национална банка на Грција С.А. Атина;
4. Јанис Кајулис, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Раководител на Секторот за меѓународно корпоративно кредитирање, Национална банка на Грција С.А. Атина;
5. Владимир Филиповски, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор, Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје; и
6. Сашо Ќосев, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор, Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје.
7. Анастасиос Лизос, **член на Надзорниот одбор на СБ;**

Последната самооценка на Надзорниот одбор потврдува дека сегашниот состав на Надзорниот одбор е таков што неговите членови имаат колективно и индивидуално знаење, способности и стручно искуство како и интегритет и репутација соодветни за системска банка како СБ. Освен тоа, сите членови на Надзорниот одбор посветуваат соодвенто време и фокусирање на нивните надзорни и стратешки одговорности.

Сите **критериуми за независност се запазени** и во извештајниот период **не е пријавен никаков судир на интереси** од ниту еден од членовите на Надзорниот одбор.

**Одговорностите** на Надзорниот одбор се утврдени во член 89 од Законот за банки и истите се инкорпорирани во Статутот на СБ, како што е подолу наведено:

1. одобрува деловна политика и развоен план на СБ и ја следи нивната имплементација;
2. именува и разрешува членови на Управниот одбор на СБ;
3. именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици на СБ;
4. именува и разрешува членови на Одборот за ревизија на СБ;
5. одобрува финансиски план/Буџет на СБ;
6. го организира Секторот за внатрешна ревизија, именува и разрешува директор на Секторот за внатрешна ревизија и ја следи неговата/нејзината работа;
7. одобрува годишен план на Секторот за внатрешна ревизија;
8. одобрува политика за сигурност на информативниот систем;
9. одобрува политики за управување со ризици на СБ;
10. одобрува политика за судир на интереси која утврдува можен судир на интереси и мерки и активности за негово избегнување;
11. во согласност со деловниот план, развојниот план, финансискиот план / Буџет и политиката за избегнување судир на интереси, одобрува политика за наградување;
12. одобрува и спроведува политика за избор, следење на работењето и разрешување на членови на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на СБ;
13. разгледува извештаи за работењето на Управниот одбор на СБ;
14. разгледува извештаи за работењето на Одборот за управување со ризици на СБ;
15. разгледува извештаи за работењето на Одборот за ревизија;
16. разгледува извештаи за работењето на Секторот за внатрешна ревизија;
17. разгледува извештаи за работењето на Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
18. одобрува годишна сметка и финансиски извештаи на СБ;
19. одобрува изложеност кон поединечно лице од над 10% од сопствените средства на СБ, или 10,000,001 евра, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народна Банка и Владата на РСМ;
20. одобрува трансакции со поврзани лица со СБ во износ од над 6.000.000 денари;
21. одобрува стекнување на капитални удели и купување на хартии од вредност во износ повисок од 5% од сопствените средства на СБ, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Владата на РСМ;
22. одобрува предлог на Одборот за ревизија за назначување на надворешно друштво за ревизија, или предлог за раскинување на договорот со надворешното друштво за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
23. одобрува Политика за вршење на внатрешна ревизија;
24. разгледува извештаи од супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно превзема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на СБ;
25. одобрува годишен извештај за работењето на СБ и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери на СБ;
26. разгледува извештај од надворешното друштво за ревизија и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери на СБ;

27. одобрува Кодекс на етика на СБ;
28. одобрува Кодекс на корпоративно упрвување на СБ;
29. одлучува за делумно или целосно отпишување на кредитна изложеност врз основа на анализа за извршено отпишување подготвена од надлежниот сектор во банката;
30. разгледува извештај за трансакции со субјекти поврзани со банката, како и за износот на одобрени кредити и други форми на изложеност на лицата со посебни права и одговорности во банката, најмалку еднаш квартално; и
31. извршува други активности во согласност со важечките закони и одлуки на Народната банка.

****Работењето на Надзорниот одбор е подетално презентирано во Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор во 2021 година, доставен до Собранието на акционери на СБ.*

### 1.2. Одбори на Надзорниот одбор на СБ во извештајната година

Надзорниот одбор има формирано одбори со цел да ја подобри ефикасноста на своето работење преку справување со сложени работи во помали групи и нивна подготовка за целиот Надзорен одбор. Освен тоа, Надзорниот одбор има делегирано поединечни права за донесување одлуки на одборите до степен до кој е законски дозволено согласно соодветната законска регулатива и интерните одредби на Банката.

Нема значајни промени во структурата на одборите на Надзорниот одбор, односно Надзорниот одбор на СБ имаше три одбори во извештајниот период: Одбор за ревизија, Одбор за управување со ризици и Одбор за наградување.

### А) ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА

Одборот за ревизија на Стопанска банка АД - Скопје се состои од пет членови кои ги именува Надзорниот одбор со мандат од две години. Повеќето од членовите (3) се членови на Надзорниот одбор, а останатите два члена се независни од кои еден член е овластен ревизор. Членови на Одборот за ревизија во 2021 година беа:

1. Антонио Велјанов, претседател на Одборот за ревизија (независен член и овластен ревизор);[1]
2. Анастасиос Лизос, член (претставник од Надзорниот одбор);
3. Димитра Гудуфа, член (претставник од Надзорниот одбор);
4. Владимир Филиповски, член (претставник од Надзорниот одбор); и
5. Зорица Божиновска-Лазаревска, член (независен член).

Одговорностите на Одборот за ревизија се строго утврдени во Законот за банки, кои се пренесени во Статутот на СБ. Накратко, Одборот за ревизија е одговорен за разгледување на интегритетот на сметководственото и финансиското известување, разгледување и оценување на системите за внатрешна контрола и други слични активности кои обезбедуваат поддршка на

[1] Г-дин Велјанов е исто така член на Институтот на овластени ревизори на Република С. Македонија, без надоместок.

Надзорниот одбор при неговата контролна функција. Подетално, *меѓу другото*, во текот на 2021 година Одборот за ревизија:

- ги разгледа (кварталните) извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и неговите останати документи за известување и планирање, вклучувајќи ја и Политиката на Секторот за внатрешна ревизија,
- ги разгледа (кварталните) извештаи на Одборот за управување со ризици,
- изврши (квартално) разгледување на финансиските извештаи за консолидациски цели,
- ја одобри одлуката за утврдување на предлог за избор на надворешно ревизорско друштво,
- ги разгледа извештаите и плановите за усогласеност на работењето на Банката со прописите пред нивно доставување до Надзорниот одбор.

Како заклучок, Одборот за ревизија го следеше Годишниот план за работа и ги изврши своите должности во целосна усогласеност со соодветните законски прописи односно легислатива и стандардите на корпоративно управување.

## Б) ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Одборот за управување со ризици на Стопанска банка АД - Скопје се состои од 8 членови кои ги именува и/или разрешува Надзорниот одбор (позициите на членовите во Одборот за управување со ризици се утврдени во Статутот на СБ). Со состојба на 31 декември 2020 година, членови на Одборот за управување со ризици на СБ се следните:

1. Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор, претседател;
2. Тони Стојановски - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор, член;
3. Бојан Стојаноски - Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор, член;
4. Милица Чапаровска-Јовановска - Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, член;
5. Илиас Пападопулос – Сениор директор за кредитен ризик, член;
6. Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии, член[2];
7. Владимир Тренески – Сениор директор за корпоративно банкарство, член;
8. Мирко Аврамоски - Директор на Секторот за наплата, член; и
9. ---------- - Директор на Секторот за управување со ризици, член.

Членовите на Одборот за управување со ризици, освен условите утврдени со Законот за банки, треба да имаат најмалку три години искуство во областа на финансиите или банкарството. Одговорностите на ОУР се следните:

[2]Г-ѓа М. Трајановска е исто така претседател на Надзорниот одбор на клириншката куќа КИБС АД Скопје.

1. Перманентно следење и оценување на степенот на ризичност на СБ и идентификување на прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите како резултат на изложеноста на СБ на ризик;
2. Воспоставување политики за управување со ризици и следење на нивната имплементација;
3. Следење на прописите на Народна банка кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на работењето на СБ со тие прописи;
4. Оценување на системите на СБ за управување со ризици;
5. Утврдување на краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена СБ;
6. Анализирање на извештаите за изложеност на ризик на СБ подготвени од страна на службите за оценка на ризик на СБ и предлагање стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
7. Следење на ефикасноста на функционирањето на системите за внатрешна контрола за управувањето со ризици;
8. Анализирање на ефектите од управување со ризиците врз перформансите на СБ;
9. Анализирање на ефектите од предложените стратегии за управување со ризиците, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
10. Оценување дали одредувањето на цени за производите и услугите на Банката е во согласност со нивото на превземени ризици и во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;
11. Го информира, најмалку еднаш на секои три месеци, Надзорниот одбор на СБ за промените во ризичните позиции на СБ, промените во стратегиите за управување со ризиците, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на СБ, како и за превземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите; и
12. Одобрување на секоја изложеност кон поединечно лице повисока од 10% а до 20% од сопствените средства на СБ.

## В) ОДБОР ЗА НАГРАДУВАЊЕ

Од месец ноември 2013 година, Одборот за наградување му помага на Надзорниот одбор во спроведувањето на Политиката за наградување на СБ.

Во согласност со Политиката за наградување на СБ, Одборот се состои од три членови на Надзорниот одбор, чие мнозинство треба да бидат независни членови, вклучувајќи го неговиот претседател, именувани од страна на Надзорниот одбор. Според тоа, во текот на 2020 година, членови на Одборот за наградување се:

1. Владимир Филиповски, независен член на Надзорниот одбор, Претседател;
2. Сашо Ќосев, независен член на Надзорниот одбор,член; и
3. Анастасиос Лизос, член на Надзорниот одбор,член.

Мандатот на членовите на Одборот за наградување е една година, со неограничено право на реизбор се додека тие се членови на Надзорниот одбор. Одговорностите на Одборот за

наградување се регулирани во Политиката за наградување на Стопанска Банка Ад Скопје и Деловникот за работа на Одборот за наградување, следејќи ги соодветните одредби на Одлуката на Народна банка за правилата на добро корпоративно управување во банките. Накратко, ОН му помага на Надзорниот одбор во утврдувањето и следењето на политиката за наградување и практиките на Банката.

Во текот на 2021 година Одборот за наградување одржа **две редовни седници,** како што пропишува локалната легислатива и во согласност со Деловникот за работа на Одборот за наградување. Следејќи го Годишниот план за работа, беа донесени следните главни точки:

- Го разгледа и одобри извештајот за наградување за 2021 година, вклучително и самоевалуација на членовите на Одборот за наградување како и Мислењето на Одборот за управување со ризици за Политиката на наградување;
- Ги ревидираше Процедурата за работа на Одборот на наградување и Политиката на наградување;
- Ја утврди и одобри Листата на лица кои имаат влијание врз ризичниот профил на Банката (*"risk-takers"*) согласно Политиката на наградување;
- Редовно го разгледуваше трошокот за вработените и кадровската политика на Банката, осигурувајќи дека менаџментот го одржува трошокот за кадар и бројот на вработени во рамки на Буџетот;
- Го верификуваше предлогот за варијабилно наградување на раководниот кадар и на вработените во СБ за постигнување на добри резултати;
- Го разгледа и дискутираше по редовниот годишен извештај на внатрешната ревизија за спроведување на Политиката за наградување.

### 1.3. УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје се состои од четири членови кои ги именува и/или разрешува Надзорниот одбор, со мандат од четири години.

Следствено, составот на Управниот одбор во текот на 2021 година беше:

1. Диомидис Николетопулос, Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор;
2. Тони Стојановски, Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор[3];
3. Милица Чапаровска-Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, и
4. Бојан Стојаноски, Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор.

[3] Г-дин Стојановски е член на следниве организации:
- Македонска Берза, Претседател на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје; и
- Банкарска Асоцијација, Заменик Претседател (на доброволна основа).

Членовите на Управниот одбор на СБ, освен условите утврдени со Законот за банки, имаат солидно искуство во СБ и во банкарскиот сектор на повисоки позиции и стручно познавање на работата и на банкарската регулатива.

Одговорностите на Управниот Одбор се следните:

1. Управување со СБ;
2. Претставување на СБ;
3. Извршување на одлуките на Собранието на акционери и Надзорниот одбор на СБ, односно грижа за нивното спроведување;
4. Покренување иницијативи и давање предлози за промовирање на работењето на СБ;
5. Именување и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од Законот за банки и Статутот на СБ;
6. Изготвување на деловна политика и развоен план на СБ;
7. Изготвување на финансиски план / буџет на СБ;
8. Изготвување на Политика за информативна сигурност на СБ;
9. Изготвување на Годишен извештај за работењето на СБ и негово доставување до Надзорниот одбор;
10. Изготвување на Кодекс на етика на Банката;
11. Давање на претходна согласност и доставување на предлози за отпис на побарувања до Надзорниот одбор;
12. Донесување одлука за продажба на побарувања; и
13. Вршење на други активности во согласност со законот, Статутот и актите на СБ.

Со цел за помош на Управниот одбор во извршување на деловниот план на Банката, СБ има формирано Извршен одбор кој покрај генералните директори ги вклучува и:

- Сениор директорот за ликвидност и финансии (Мирјана Трајановска),
- Сениор директорот за оперативни активности (Радмила Максимовиќ),
- Сениор директорот за корпоративно банкарство (Владо Тренески),
- Сениор директорот за продажба и мрежа на филијали (Татјана Калајџиева) и
- Сениор директор за кредитен ризик (Илиас Пападопулос).

### 1.4. КРЕДИТНИ ОДБОРИ

Други тела на СБ, утврдени со Статутот, се кредитните одбори со следните структура и овластувања со состојба на 31 декември 2021 година:

1. **Извршен корпоративен кредитен одбор (ИККО):** се состои од 6 членови и тоа:
   - Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор на СБ, претседател
   - Јанис Кајулис - Извршен член НБГ Групацијата назначен од Генералниот директор за кредититен ризик на НБГ Групацијата, член

- Тони Стојановски - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член
- Бојан Стојаноски, Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член
- Илијас Пападопулос, Сениор директор за кредитен ризик, член,
- Јанис Бормпакис, Претставник на Секторот за меѓународни активности на НБГ, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

ИККО одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице за финансирање во износ од ЕУР 5.000.001 до ЕУР 10.000.000. Сите финансирања што го надминуваат износот од ЕУР 10.000.001 ги одобрува Надзорниот одбор на СБ. ИККО, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки од Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно;

**2. Кредитен одбор (КО):** се состои од 5 членови и тоа:

- Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор на СБ, претседател
- Бојан Стојаноски - Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член
- Тони Стојановски, Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член
- Илијас Пападопулос, Сениор директор за кредитен ризин на СБ, член
- Владимир Тренески – Сениор директор за корпоративно банкарство на СБ, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

КО одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ од ЕУР 200.000.001 до ЕУР 5.000.000. КО, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

**3. Кредитен одбор за комерцијални клиенти (КОКК):** се состои од 5 членови и тоа:

- Бојан Стојаноски - Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, претседател
- Тони Стојановски, Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член
- Илијас Пападопулос, Сениор директор за кредитен ризик на СБ, член
- Владимир Тренески – Сениор директор за корпоративно банкарство на СБ, член

- Лидија Руменовска Саздова или Михаела Атанасовска Стоичковска - Директор или Заменик директор на Секторот за изготвување кредитни предлози, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

КОКК одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ до ЕУР 2.000.000. КОКК, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

**4. Повисок кредитен одбор за мали претпријатија (ПКОМП)**: се состои од 4 членови и тоа:

- Бојан Стојаноски - Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, претседател
- Милица Чапаровска-Јовановска - Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, член
- Илијас Пападопулос, Сениор директор за кредитен ризик на СБ, член
- Дејан Крстевски - Директор на Дирекција за кредитирање на мали претпријатија, член
- Емилија Стојанова Ивановска - Директор на Сектор за управување со кредитен ризик на банкарство на мало, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

ВКОМП одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ од ЕУР 100.001 до ЕУР 500.000 и кон поединечен субјект – физичко лице од ЕУР 100.001. ВКОМП, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки од Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

**5. Кредитен одбор за мали претпријатија (КОМП):** се состои од 4 членови и тоа:

- Милица Чапаровска-Јовановска - Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, претседател
- Дејан Крстевски - Директор на Дирекција за кредитирање на мали претпријатија, член
- Барбара Брезовска Поњавиќ или Драган Михаилов - Директор или Заменик директор на Секторот за управување со производи, член
- Весна Ненчева и/или Емилија Стојанова Ивановска - Директор на Сектор за управување со ризици и/или директор на Сектор за управување со кредитен ризик на банкарство на мало, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

КОМП одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ до ЕУР 100.000. КОМП, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

Пониски нивоа на одобрување може да се утврдат со одлуки на Надзорниот одбор или со одобрување на релевантната кредитна политика.

**6. Кредитен одбор за население (КОН):** се состои од 5 членови и тоа:

- Милица Чапаровска-Јовановска - Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, претседател
- Барбара Брезовска Поњавиќ или Драган Михаилов - Директор или Заменик директор на Секторот за управување со производи, член
- Емилија Стојанова Ивановска - Директор на Секторот за кредитен ризик на банкарство на мало, член
- Татјана Калајџиева - Директор на Секторот за продажба и мрежа на филијали, член
- Виолета Затенко - Директор на Дирекцијата за изготвување кредитни предлози за население, член.

Членовите се избрани без ограничување на мандатот.

КОН одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - физичко лице во износ до ЕУР 100.000. КОН, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно. Пониски нивоа на одобрување може да се утврдат со одлука на Надзорниот одбор.

Пониски нивоа на одобрување може да се утврдат со одлуки на Надзорниот одбор или со одобрување на релевантната кредитна политика.

* Кредитните одбори работат во согласност со соодветната кредитна политика усвоена од страна на Надзорниот одбор. Членовите на кредитните одбори се лица со посебни права и одговорности во СБ, или други вработени во СБ, или други лица кои се оценуваат како соодветно компетентни и искусни во односната кредитна област.

## 2. Организациска структура

Организациската структура на Банката ги следи најдобрите стандарди и барања од корпоративно управување и е создадена со цел да ги оптимизира бизнис процесите како би станале побрзи, поефтини и посигурни за сите инволвирани заинтересирани страни. Според Статутот на СБ, организациската структура на Банката е утврдена со Одлука од страна на Надзорниот одбор,

по предлог на менаџментот. Банката е организирана во 21 сектори и мрежа од 64 филијали. Банката нема подружници.

Организациската структура е објавена и редовно се ажурира на следниот линк: https://www.stb.com.mk/media/3064/stb-org_chart-march-2022.pdf.

**3. Акционерска структура**

Во текот на 2021 година нема значителни промени во акционерската структура: Национална Банка на Грција С.А. - Атина поседува 94,6% од обичните акции, додека 5,4% од акциите се во сопственост на останатите малцински акционери. НБГ се претставени со 5 членови во Надзорниот одбор на СБ, а останатите 2 члена се независни.

Со состојба на 31 декември 2021 година, почетниот капитал (основниот капитал) се состои од 17.460.180 обични акции со номинална вредност од МКД 201,1 по акција и 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 по акција. Истите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар на хартии од вредност на РМ. Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонската берза, подсегментна законска котација, а кодот под кој тие котираат е: СТБ (обична акција) ИСИН број МКСТБС101014 и СТБ (приоритетна кумулативна акција) ИСИН број МКСТБС120014.

**4. Исплата на дивиденда и Политика за дивиденда**

По приватизацијата на Стопанска банка во 2000 година, примарна цел на главните акционери беше да се реструктурира Банката во стабилен, солиден и доверлив фактор во економијата, кој ќе биде столб и партнер на клиентите. По долг период на преструктурирање и чистење на загуби од минатото, Банката почна да создава профит, кој се реивенстираше во Банката и се користеше да ја обезбеди нејзината денешна лидерска позиција.

Стопанска банка има издадено два типа на акции:

- Обични акции со право на глас: 17.460.180 со номинална вредност од MKD 201.1;
- Приоритетни акции без право на глас: 227.444 со номинална вредност од MKD 400.

Правото на дивиденда за приоритетните акции е утврдено во Одлуката за издавање акции од Втората емисија АД бр. 32 / 20.06.1991 и Одлуката за издавање акции од Четвртата емисија АД бр. 102 / 30.05.1996 година. Во согласност со овие решенија донесени од Собранието на акционери, дивидендата на приоритетните акции се утврдува во висина на каматата на орочени денарски депозити на население за период од 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен. Во согласност со овие одлуки за издавање на акции и Законот за трговски друштва, приоритетните акционери имаат право на загарантирана кумулативна дивиденда и Банката истото во целост го почитува.

Банката има стабилна и предвидлива политика на дивиденда за приоритетните акции, т.е. фиксна каматна стапка заснована врз пазарната каматна стапка што служи како референтна вредност што однапред им дава на акционерите индиции за дивидендата што ќе ја добијат.

Во однос на политиката на дивиденда поврзана со обичните акции, Банката ги зема предвид капиталот и другите регулаторни барања што треба да ги поддржат деловните потреби и аспектите на раст. По обезбедување на споменатите приоритети, останатото е предмет на дискреција на акционерите врз основа на одлука донесена од Собранието на акционери.

Имајќи ги предвид неизвесностите во макро-економското опкружување во текот на 2021 година, Стопанска Банка се воздржа од носење одлука за распределба на дивиденда на сопствениците на обичните акции. Дополнително, Банката одобри дел од остварената добивка во 2020 година во износ од МКД 1.045.500.000 да распредели во добивка ограничена за распределба на акционерите во иднина, зајакнувајќи ја дополнително високата капитална адекватност на Банката.

Во однос на сопствениците на приоритетни акции, а врз основа на релевантните Одлуки за издавање на акции, Собранието на акционери одобри распределба на дивиденда во вкупен износ од 1,364,664 денари или дивиденда во бруто износ од 6 денари по акција.

**5. Кодекс на корпоративно управување**

СБ е целосно посветена на обезбедување рамка за корпоративно управување во согласност со законските одредби и меѓународните стандарди.

Следствено, Кодексот за корпоративно управување на СБ е подготвен во согласност со важечките закони како и стандардите за корпоративно управување на Групацијата НБГ и е усвоен од страна на Надзорниот одбор. Структурата на управување, акционерските права, должностите и одговорностите, начинот на работење на органите на Банката и слично, утврдени во Кодексот за корпоративно управување, ги спроведуваат, почитуваат и унапредуваат сите членови на органите на Банката.

Понатаму, како котирано акционерско друштво на Македонска берза, Стопанска банка го применува Кодексот за корпоративно управување за котираните друштва кој беше донесен во октомври 2021 година. За повеќе детали за имплементацијата на овој Кодекс, погледнете ги Прашалниците за самооценување објавени на веб-страницата на СБ.

Како составен дел на овој Извештај, а во однос на член 384-а од Законот за трговските друштва и член 42-а од Правилата за котација на Македонската берза, Управниот одбор потпишува Изјави за спроведување на Кодексот за корпоративно управување на СБ и Изјава за спроведување на Кодексот за корпоративно управување за котираните друштва на Македонската берза. Двете изјави се составен дел на овој Извештај (видете го Прилог 1 подолу).

**6. Политика за конфликт на интереси**

Политиката за разрешување конфликти се утврдува во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ и истата предвидува лицата со посебни права и обврски да дадат писмена изјава за постоењето, доколку има, на конфликт на нивните лични интереси со интересите на СБ, на секои шест месеци. Личните интереси исто така вклучуваат и интереси со поврзани лица со тие лица,

според одредбите во Законот за банки. Конфликт помеѓу личните и интересите на Банката постои во услови кога финансиските или од друг вид дејност или фамилијарните интереси на личноста се доведуваат во прашање при донесувањето одлуки, склучувањето договори, или извршувањето други деловни активности. Финансиските, деловните и фамилијарните интереси претпоставуваат генерирање монетарни или друг вид бенефити, директно или индиректно, од страна на тие лица. Истите не присуствуваат на дискусиите при усвојувањето на одлуките, склучувањето на договорите, или извршувањето други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање поради постоење на конфликт помеѓу нивните лични интереси и интересите на СБ. Изјава за постоење на конфликт на интереси исто така се дава пред состанок за дискутирање или одобрување одлуки, склучување договори, или извршување друга деловна активност. Писмената изјава се доставува до Надзорниот одбор и Управниот одбор на СБ, со наведување на причините поради кои постои конфликт на интереси помеѓу личните и интересите на СБ.

Во текот на 2021 година нема пријавено судир на интереси од членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор или од кој било друг член на органите на СБ.

### 7. Надворешни услуги

Надзорниот одбор на Стопанска банка ја усвојува Политиката за надворешни услуги што е усогласена со стандардите на НБГ Групацијата и националното законодавство, вклучувајќи ги и релавантните подзаконски акти на Народната банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со Политиката за надворешни услуги, Одборот за управување со ризици го разгледа списокот на надворешни услуги и ги утврди критичните / важните функции кои се од надворешен субјект и за кои се презема посебна грижа. Поточно, следниве услуги се утврдени како критични / важни функции:

- ИТ услуги (Хостинг, одржување и оперативна поддршка на основниот систем Т24, SAP, SWIFT, системи за управување со картички и други системи на СБ, развој на софтвер во SAP и развој на софтвер во Т24);
- Транспорт на пари;
- Картични услуги (центар за обработка на картички, процесор за е-трговија, персонализирање на картички, back-up пристап, итн.);
- Активности за рана наплата на побарувања од население; и
- Спроведување на правни постапки за наплата на долговите пред надлежните органи.

### 8. Политика за наградување за 2021 година

На 33-та седница на Собранието на акционери, одржана на 19 јули 2013 година, Стопанска банка усвои Политика за наградување, која е во линија со оперативната политика и бизнис стратегијата на Банката, нејзините вредности, цели и долгорочни интереси. Истата инкорпорира мерки за избегнување или минимизирање на конфликтите на интереси или било какво негативно влијание врз солидното, прудентно и добро управување со ризиците кои ги презема Банката и за

превенција на прекумерно преземање на ризици, и придонесува кон заштита на капиталната позиција на Банката.

Последниот преглед и изменување на Политиката за наградување го направи Собранието на акционери на 29.06.2021 година.

Во согласност со Законот за трговски друштва и правилата од Одлуката за добро корпоративно управување, подолу е наведено наградувањето во Стопанска банка по групи. Нема никакви суштински измени во пристапот на наградување во Банката во текот на 2021 година.

### I. Надзорен одбор

Во согласност со најдобрите практики, членовите на Надзорниот одбор се компензираат само со фиксен надомест, одобрен од Собранието на акционери, со цел да се минимизира каков било судир на интереси помеѓу контролата и управувањето со Банката.

*a) Претставници на акционерите*

Во согласност со Одлуката на Управниот Одбор на НБГ, сите службеници од НБГ С.А. Атина кои учествуваат во Надзорниот Одбор на СБ како претставници на акционерите *не добиваат* "надоместок за членство". Информациите за нагрдувањето што го добиваат како вработени во НБГ С.А. Атина се сметаат за доверливи и не може да се објавуваат.

*b) Независни членови*

Независните членови имаат право на надомест во нето износ од ЕУР 400 на месечна основа за нивно учество во Надзорниот одбор и нето износ од ЕУР 100 (за претседателот) и нето износ од ЕУР 50 (за членовите) по седница за нивно учество во Одборот за наградување.

Врз основа на плата и надоместоци од плата како вработени на Економскиот факултет во рамки на универзитетот Кирил и Методиј – Скопје:

- проф. Филиповски примил бруто износ од МКД 1.605.958 (годишно), додека пак
- проф. Ќосев примил бруто износ од МКД 1.263.258 (годишно).

### II. Управен одбор

Во 2021, вкупен бруто износ од МКД 29.164.214 (плата од МКД 24.464.600 и надоместоци од МКД 4.699.614) е исплатен на членовите на Управниот Одбор.

### III. Вработени со материјално влијание врз ризичниот профил и профитабилноста на Банката

Вработените кои потпаѓаат во оваа категорија се определуваат во Политиката за наградување на СБ. Оваа категорија го вклучува менаџментот кој е одговорен за материјални

бизнис делови, управување со ризици и контролните функциите во Стопанска банка АД – Скопје. Вкупно 23 вработени се вклучени во оваа група.

Вкупен бруто износ од МКД 55.693.790 (плата од МКД 49.210.484 и надоместоци од МКД 6.483.306) е исплатен на вработените со материјално влијание врз ризичниот профил и профитабилноста на Банката.

**IV. Други лица со посебни права и одговорности**

Други лица со посебни права и одговорности се сметаат секторските директори, замениците секторски директори и директорите за специфични прашања кои не се опфатени во претходната категорија. 15 вработени се вклучени во оваа група.

Вкупен бруто износ од МКД 33.281.736 (плата од МКД 30.035.009 и надоместоци од МКД 3.246.727) е исплатен на другите лица со посебни права и одговорности.

* На крајот од 2021 година, вкупната кредитна изложеност кон лицата со посебни права и одговорности изнесува МКД 64,407 илјади што претставува 0.43% од сопствените средства на Банката (значително под регулаторниот лимит од 3% од сопствените средства на Банката по лице со посебни права и одговорности и лицата поврзани со него).

**9. Корпоративна општествена одговорност**

Стопанска банка АД – Скопје е еден од најактивните општествено одговорни компании во земјата, постојано грижејќи се за заедницата од која потекнува. Преку поддршка на одржливи проекти за промоција на културата, едукацијата, спортот и здравјето Банката е вклучена во речиси секоја сфера на живеење и делување.

2021 година продолжи да биде под знакот на глобалната пандемија со КОВИД-19 меѓутоа и во знакот на истрајноста, упорноста и потребата од заздравување на економијата па затоа Банката и во 2021 година продолжи да биде финансиски партнер од доверба на компаниите и на граѓаните преку понуда на финансиски решенија, производи и услуги и нивно прилагодување кон потребите и апетитите на клиентите. Секако, сите овие деловни активности Банката успешно ги реализираше бидејќи од самиот почеток на кризата интензивно го помогна колективот преку изразени мерки за заштита, спречување на ширење на вирусот во организационите единици и помош за вработените кои беа заразени од вирусот.

Стопанска банка беше прва компанија што го поддржа планот за масовна имунизација преку набавка на посебните фрижидери потребни за чување на вакцините во централниот вакционален пункт во февруари 2021 година по во текот на годината следуваа и бројни други општествено одговорни активности како:

- Донација на медицинска опрема за Клиниката за хирургија „Св. Наум Охридски“ во Скопје
- Спонзорство на „Охридско лето“ 2021 година
- Спонзорство на „Галичка свадба“ 2021 година
- Донација за опремување на новиот национален центар за итна помош 112

- Спонзорство за набавка на специјален софтвер за Економски факултет Скопје за одржување на настава во услови на COVID-19
- Спонзорство на Стопанска комора на Северна Македонија
- Интервентна набавка на храна за учесниците во борбата против пожарите во источниот регион
- Вредни спортски донации преку ваучерите издадени од Агенција за спорт и млади. Меѓу спортистите кои добија поддршка од Банката беа и олимпијците кои ја претставуваа земјата на ЛОИ во Токио, вклучително и Дејан Георгиевски кој освои историски сребрен медал.
- Организирани активности за садење на цветни аранжмани на урбани површини во Скопје по повод Денот на штедење
- Проектот кој секоја година го повторуваме и значи 70 нови засадени зимзелени дрва - набавка на големи садници природни елки за филијалите и нивно засадување во природа.

Можеме да заклучиме дека повторно стратегијата за ООП на Банката во 2021 година е да игра значајна улога во борбата против вирусот и пандемијата на КОВИД-19. Сите овие активности ја надополнуваат нашата посветеност на клиентите и значително додаваат на името и на вредноста на компанијата.

**Прилог 1**

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ**

**со Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД - Скопје**

Согласно член 384-а од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје (во натамошниот текст: СБ) го потврдува следното:

**СБ ги применува принципите и е во согласност во сите материјални аспекти со Кодексот за корпоративно управување на СБ во 2021 година.**

Кодексот за корпоративно управување на СБ е подготвен во согласност со важечкото законодавство и стандардите за корпоративно управување на НБГ Групацијата. Кодексот има за цел да обезбеди јасен опис на системот на корпоративно управување во Банката, правата и одговорностите на нејзините тела, улогата на контролните функции итн., како и да ги поддржува интересите на Банката на долгорочна основа во корист на депонентите и клиентите, акционерите, вработените и сите други засегнати страни. Кодексот промовира континуитет, конзистентност и ефективност на начинот на кој Банката е надгледувана и управувана и претставува основен документ за добро управување во насока на поддршка и унапредување на деловниот интерес и репутацијата на Банката.

Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД – Скопје е достапен на веб-страницата на Банката.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Диомидис Николетопулос**
Генерален извршен директор и
Претседател на Управен одбор

**Тони Стојановски**
Генерален директор за корпоративно банкарство
и член на Управен одбор

**Милица Чапаровска - Јовановска**
Генерален директор за банкарство на мало
и член на Управен одбор

**Бојан Стојаноски**
Генерален директор за управување со ризици
и член на Управен одбор

Во согласност со член 42-а од Правилата за котација на Македонската берза АД – Скопје, Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошен текст: СБ), ја издава следната:

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ**

**со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД – Скопје**

Ние, членовите на Управниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, изјавуваме дека СБ во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

СБ ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративното управување предвидени во Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не се применил", преку пополнување на Прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека Прашалниците се објавени на СЕИ-НЕТ и на интернет страницата на СБ и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративното управување од страна на СБ пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Диомидис Николетопулос**
Генерален извршен директор и
Претседател на Управен одбор

**Тони Стојановски**
Генерален директор за корпоративно банкарство
и член на Управен одбор

**Бојан Стојаноски**
Генерален директор за управување со ризици
и член на Управен одбор

**Милица Чапаровска - Јовановска**
Генерален директор за банкарство на мало
и член на Управен одбор

# СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје

Годишна сметка

За годината завршена на 31 декември 2021 година
Со извештај на независниот ревизор

ЕМБС: 04065549
Целосно име: СТОПАНСКА БАНКА АД - Скопје
Вид на работа: 670
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2021

Листа на прикачени документи
Финансиски извештаи

## Билансо на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 140 | - - АКТИВА:Парични средства и парични еквиваленти | 15.487.363.009,00 | | | 19.029.491.128,00 |
| 141 | - - Вложувања во должнички хартии од вредност кои можа да се користат за рефинансирање во НБРМ (142+143-144) | 7.154.542.407,00 | | | 3.896.925.264,00 |
| 142 | - - Благајнички записи | 1.889.241.971,00 | | | 1.838.305.602,00 |
| 143 | - - Државни хартии од вредност | 5.305.300.436,00 | | | 2.058.619.662,00 |
| 144 | - - Исправка на вредноста | | | | 0,00 |
| 145 | - - Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149) | 224.193.369,00 | | | 278.117.093,00 |
| 146 | - - Кредити | 18.008.958,00 | | | 16.636.920,00 |
| 147 | - - Депозити | 215.678.269,00 | | | 269.258.205,00 |
| 148 | - - Останати побарувања | | | | 0,00 |
| 149 | - - Исправки на вредноста | 9.493.858,00 | | | 8.775.232,00 |
| 150 | - - Кредити на и побарувања од други клиенти (151+152-153) | 70.999.970,649,00 | | | 78.037.088.147,00 |
| 151 | - - Кредити | 73.776.211.998,00 | | | 80.699.153.257,00 |
| 152 | - - Останати побарувања | | | | 0,00 |
| 153 | - - Исправки на вредноста | 2.776.241.349,00 | | | 2.662.065.110,00 |
| 154 | - - Должнички хартии од вредност(155+156+157-158) | 9.327.103.809,00 | | | 10.153.836.117,00 |
| 155 | - - Благајнички записи | | | | 0,00 |
| 156 | - - Државни хартии од вредност | 9.327.103.809,00 | | | 10.153.836.117,00 |
| 157 | - - Останати должнички хартии од вредност | | | | 0,00 |
| 158 | - - Исправки на вредноста | | | | 0,00 |
| 159 | - - Вложувања во сопственички инструменти | 83.943.928,00 | | | 87.310.691,00 |
| 160 | - - Вложувања во придружени друштва (161+162) | | | | 0,00 |
| 161 | - - Вложувања во банки | | | | 0,00 |
| 162 | - - Останати вложувања во придружени претпријатија | | | | 0,00 |
| 163 | - - Вложувања во подружници (164+165) | | | | 0,00 |
| 164 | - - Вложувања во банки | | | | 0,00 |
| 165 | - - Останати вложувања во подружници | | | | 0,00 |
| 166 | - - Заеднички вложувања (167+168) | | | | 0,00 |
| 167 | - - Заеднички вложувања во банки | | | | 0,00 |
| 168 | - - Останати заеднички вложувања | | | | 0,00 |
| 169 | - - Нематеријални средства (170+171+172+173+174) | 127.670.286,00 | | | 111.434.909,00 |
| 170 | - - Основачки надатоци | | | | 0,00 |
| 171 | - - Надатоци за истражување и развој | | | | 0,00 |
| 172 | - - Концесии, патенти, лиценци,заштитни знаци и слични права | | | | 0,00 |
| 173 | - - Гудвил | | | | 0,00 |
| 174 | - - Останати нематеријални средства | 127.670.286,00 | | | 111.434.909,00 |
| 175 | - - Материјални средства (176+177+178) | 828.914.294,00 | | | 819.128.830,00 |
| 176 | - - Земјиште | | | | 0,00 |
| 177 | - - Недвижности и опрема | 769.016.659,00 | | | 765.220.606,00 |
| 178 | - - Останати материјални средства | 59.897.635,00 | | | 53.908.224,00 |
| 179 | - - Останати средства/побарувања (180+181+182 +183+184+185+186+187+188+189+190+191-192) | 1.733.091.188,00 | | | 1.689.465.595,00 |
| 180 | - - Ограничени депозити | | | | 0,00 |
| 181 | - - Деривативни средства чувани за управување со ризик | | | | 0,00 |
| 182 | - - Вградени деривати | | | | 0,00 |
| 183 | - - Нетековни средства кои се чувват за продажба и група за отуѓување | | | | 0,00 |
| 184 | - - Презаемени средства врз основа на неплатени побарувања | 185.848.435,00 | | | 127.047.971,00 |
| 185 | - - Заложени средства | | | | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 186 | - - Аванси за нематериални средства | | | | 0,00 |
| 187 | - - Аванси за материални средства | | | | 0,00 |
| 188 | - - Побарувања за данок на добивка | 63.911.629,00 | | | 0,00 |
| 189 | - - Одложени даночни средства | | | | 0,00 |
| 190 | - - Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех евидентирани како такви при почетното признавање | | | | 0,00 |
| 191 | - - Останати побарувања | 1.512.516.565,00 | | | 1.602.679.159,00 |
| 192 | - - Исправка на вредноста | 29.185.441,00 | | | 40.261.535,00 |
| 193 | - - Одложени приходи и однапред платени трошоци | | | | 0,00 |
| 194 | - - ВКУПНА АКТИВА (140+141+145+150+154 +159+160 +163+166+169+175+179+193) | 105.006.792.939,00 | | | 114.102.698.574,00 |
| 195 | - - ПАСИВА. ОБВРСКИ (196+202+203+213 +222+223+227) | 88.627.387.470,00 | | | 94.310.360.191,00 |
| 196 | - - Обврски кон банки (197+198+199+200+201) | 757.344.437,00 | | | 3.111.632.261,00 |
| 197 | - - Трансакциски сметки | 224.453.565,00 | | | 10.662.096,00 |
| 198 | - - Депозити | | | | 1.395.667.371,00 |
| 199 | - - Ограничени депозити | 13.350.688,00 | | | 19.005.150,00 |
| 200 | - - Обврски по кредити | 529.540.184,00 | | | 1.686.297.644,00 |
| 201 | - - Останати обврски | | | | 0,00 |
| 202 | - - Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207) | 86.622.677.175,00 | | | 89.673.439.000,00 |
| 203 | - - Трансакциски сметки | 47.003.535.488,00 | | | 54.290.186.432,00 |
| 204 | - - Депозити | 36.112.219.107,00 | | | 32.262.365.748,00 |
| 205 | - - Ограничени депозити | 3.412.767.254,00 | | | 3.049.080.262,00 |
| 206 | - - Обврски по кредити | | | | 0,00 |
| 207 | - - Останати обврски | 94.155.326,00 | | | 75.806.558,00 |
| 208 | - - Обврски по издадени должнички хартии од вредност (209+210+211+212) | | | | 0,00 |
| 209 | - - Издадени инструменти на паричен пазар | | | | 0,00 |
| 210 | - - Издадени сертификати за депозит | | | | 0,00 |
| 211 | - - Издадени обврзници | | | | 0,00 |
| 212 | - - Останати издадени должнички хартии од вредност | | | | 0,00 |
| 213 | - - Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221) | 1.139.738.913,00 | | | 1.417.857.490,00 |
| 214 | - - Деривативи обврски чувани за управување со ризик | | | | 0,00 |
| 215 | - - Вградени деривати | | | | 0,00 |
| 216 | - - Обврски за тргување | | | | 0,00 |
| 217 | - - Обврски директно поврзани со групи на средства за отуѓување | | | | 0,00 |
| 218 | - - Обврски за данок на добивка | | | | 72.895.220,00 |
| 219 | - - Одложени даночни обврски | | | | 0,00 |
| 220 | - - Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех | | | | 0,00 |
| 221 | - - Останати обврски | 1.139.738.913,00 | | | 1.345.262.270,00 |
| 222 | - - Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | | | | 0,00 |
| 223 | - - Резервирања за ризици и обврски (224+225+226) | 97.828.943,00 | | | 107.431.440,00 |
| 224 | - - Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност | 45.401.770,00 | | | 52.308.169,00 |
| 225 | - - Резервирања за пензии и за други примања на вработените | 41.834.386,00 | | | 44.430.056,00 |
| 226 | - - Останати резервирања | 10.590.789,00 | | | 10.693.215,00 |
| 227 | - - Субординирани обврски | | | | 0,00 |
| 228 | - - КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (229+230+231+232 +235+236+237+238+239+240) | 17.379.405.469,00 | | | 19.792.338.383,00 |
| 229 | - - Запишан капитал | 3.511.242.198,00 | | | 3.511.242.198,00 |
| 230 | - - Премии од акции | | | | 0,00 |
| 231 | - - Откупени сопствени акции (-) | | | | 0,00 |
| 232 | - - Резерви (233+234) | 831.373.187,00 | | | 831.373.187,00 |
| 233 | - - Законски и статутарни резерви | 831.373.187,00 | | | 831.373.187,00 |
| 234 | - - Останати резерви | | | | 0,00 |
| 235 | - - Ревалоризациски резерви и останати разлики од преснимувањата | 165.854.512,00 | | | 112.831.827,00 |
| 236 | - - Добивка за финансиската година | 1.979.852.082,00 | | | 2.465.955.624,00 |
| 237 | - - Загуба за финансиската година (-) | | | | 0,00 |
| 238 | - - Задржана добивка | 10.891.083.490,00 | | | 12.870.935.547,00 |
| 239 | - - Пренесена загуба (-) | | | | 0,00 |
| 240 | - - Малцинско учество | | | | 0,00 |
| 241 | - - ВКУПНА ПАСИВА (195+228) | 105.006.792.939,00 | | | 114.102.698.574,00 |
| 242 | - - ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА Вонбилансна евиденција-актива | 86.346.837.380,00 | | | 58.841.795.299,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 243 | - - Вонбилансна евиденција-аласка | 56.346.837.380,00 | | | 58.841.795.299,00 |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - Приходи од камата | 4.136.545.812,00 | | | 4.113.872.263,00 |
| 2 | - - Расходи за камата | 419.848.533,00 | | | 268.831.079,00 |
| 3 | - - Приходи од провизии и надомести | 1.219.781.823,00 | | | 1.439.239.305,00 |
| 4 | - - Расходи за провизии и надомести | 481.156.052,00 | | | 607.749.933,00 |
| 5 | - - Приходи од вложувања во придружни друштва, подружници и заедничко вложување | | | | 0,00 |
| 6 | - - Нето добивка од трансакции со хартии од вредност | | | | 0,00 |
| 7 | - - Нето загуба од трансакции со хартии од вредност | 1.077.242,00 | | | 696.201,00 |
| 8 | - - Нето добивка од курсни разлики | 101.829.532,00 | | | 110.078.471,00 |
| 9 | - - Нето загуба од курсни разлики | | | | 0,00 |
| 10 | - - Останати приходи од дејноста | 354.268.104,00 | | | 463.220.272,00 |
| 11 | - - Трошоци за вработените (012+013+014) | 870.161.311,00 | | | 888.342.988,00 |
| 12 | - - Плати | 468.146.373,00 | | | 467.662.424,00 |
| 13 | - - Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување | 239.518.316,00 | | | 239.895.539,00 |
| 14 | - - Останати користи за вработените | 162.496.662,00 | | | 180.785.025,00 |
| 15 | - - Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | 131.500.421,00 | | | 123.371.766,00 |
| 16 | - - Исправки на вредност на нематеријални средства и материјални средства | 2.996.880,00 | | | -65.774.431,00 |
| 17 | - - Исправки на вредност, посебна резерви и резервирањата (018+019+020) | 964.226.045,00 | | | 774.917.828,00 |
| 18 | - - Исправки на вредност на активните билансни побарувања | 951.284.187,00 | | | 765.510.639,00 |
| 19 | - - Посебна резерви за вонбилансна кредитна изложеност | 11.434.850,00 | | | 6.906.399,00 |
| 20 | - - Останати резервирања | 1.507.088,00 | | | 2.500.600,00 |
| 21 | - - Расходи од вложувања во придружни друштва, подружници и заедничко вложување | | | | 0,00 |
| 22 | - - Останати расходи од дејноста | 763.802.138,00 | | | 798.441.917,00 |
| 23 | - - Добивка од редовно работење (001+003+005+006+008+010) - (002+004 +007+009+011+015+016+017+021+022) | 2.177.456.649,00 | | | 2.728.833.030,00 |
| 24 | - - Загуба од редовно работење (002+004+007+009+011+015+016+017+021 +022) - (001+003+005+006+008+010) | | | | 0,00 |
| 25 | - - Добивка од прекинато работење | | | | 0,00 |
| 26 | - - Загуба од прекинато работење | | | | 0,00 |
| 27 | - - Добивка пред оданочување (023+025-026) | 2.177.456.649,00 | | | 2.728.833.030,00 |
| 28 | - - Загуба пред оданочување (024+026-025) | | | | 0,00 |
| 29 | - - Данок од добивка (дел од Даночниот биланс) | 197.604.592,00 | | | 262.877.398,00 |
| 30 | - - Добивка за финансиската година (027-029) | 1.979.852.057,00 | | | 2.465.955.632,00 |
| 31 | - - Загуба за финансиската година (029-027) или (028+029) | | | | 0,00 |
| 32 | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 1.006,00 | | | 983,00 |
| 33 | - - Број на месеци на работење | 12,00 | | | 12,00 |
| 34 | - - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА Добивка која им припаѓа на сопствениците на акции на матичното претпријатие | | | | 0,00 |
| 35 | - - Добивка која припаѓа на малцинското учество | | | | 0,00 |
| 36 | - - Загуба која се однесува на сопствениците на акции на матичното претпријатие | | | | 0,00 |
| 37 | - - Загуба која се однесува на малцинското учество | | | | 0,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 601 | - - Набавна вредност на трошоци за развој за сопствени цели (интерен проект) | | | | 0,00 |
| 602 | - - Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на развојот на интерен проект | | | | 0,00 |
| 603 | - - Трошоци за материјали и услуги ) користени или потрошени при развојот на интерен проект | | | | 0,00 |
| 604 | - - Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при развојот на интерен проект | | | | 0,00 |
| 605 | - - Амортизација на патенти и лиценци користени при развојот на интерен проект | | | | 0,00 |
| 606 | - - Капитализирање на трошоци за развој за сопствени цели (интерен проект) | | | | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 607 | - - Акумулирана амортизација на трошоци за развој за сопствени цели (интерен проект) | | | | 0,00 |
| 608 | - - Сегашна вредност на трошоци за развој за сопствени цели (интерен проект) (= АОП 171 од БС) | | | | 0,00 |
| 609 | - - Набавна вредност на софтвер со лиценца | 537.375.098,00 | | | 572.503.069,00 |
| 610 | - - Оштетување на софтвер со лиценца | | | | 0,00 |
| 611 | - - Акумулирана амортизација на софтвер со лиценца | 418.641.706,00 | | | 461.068.160,00 |
| 612 | - - Сегашна вредност на софтвер со лиценца(< или = АОП 174 од БС) | 118.914.292,00 | | | 111.434.909,00 |
| 613 | - - Набавна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 614 | - - Оштетување на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 615 | - - Акумулирана амортизација на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 616 | - - Сегашна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба(< или = АОП 174 од БС) | | | | 0,00 |
| 617 | - - Набавна вредност на набавени бази на податоци | | | | 0,00 |
| 618 | - - Оштетување на набавени бази на податоци | | | | 0,00 |
| 619 | - - Акумулирана амортизација на набавени бази на податоци | | | | 0,00 |
| 620 | - - Сегашна вредност на набавени бази на податоци(< или = АОП 174 од БС) | | | | 0,00 |
| 621 | - - Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 622 | - - Оштетување на бази на податоци развиени за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 623 | - - Акумулирана амортизација на бази на податоци развиени за сопствена употреба | | | | 0,00 |
| 624 | - - Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 174 од БС) | | | | 0,00 |
| 625 | - - Набавна вредност на градежни објекти | 1.279.383.249,00 | | | 1.315.586.577,00 |
| 626 | - - Акумулирана амортизација на градежни објекти | 616.167.098,00 | | | 648.257.913,00 |
| 627 | - - Оштетување на градежни објекти | 298.000,00 | | | 298.000,00 |
| 628 | - - Сегашна вредност на градежни објекти (< или = од АОП 177 од БС) | 662.218.151,00 | | | 667.430.664,00 |
| 629 | - - Набавна вредност на транспортни средства | 3.558.171,00 | | | 3.558.171,00 |
| 630 | - - Акумулирана амортизација на транспортни средства | 3.520.120,00 | | | 3.533.957,00 |
| 631 | - - Оштетување на транспортни средства | | | | 0,00 |
| 632 | - - Сегашна вредност на транспортни средства (< или = од АОП 177 од БС) | 38.051,00 | | | 24.214,00 |
| 633 | - - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема ) | 347.425.581,00 | | | 359.000.059,00 |
| 634 | - - Оштетување на информациска и телекомуникациска опрема | | | | 0,00 |
| 635 | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на информациска и телекомуникациска опрема | 315.425.607,00 | | | 326.941.595,00 |
| 636 | - - Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема(< или = од АОП 177 од БС) | 31.999.974,00 | | | 32.058.463,00 |
| 637 | - - Набавна вредност на компјутерска опрема ) | 354.776.979,00 | | | 357.772.334,00 |
| 638 | - - Оштетување на компјутерска опрема | | | | 0,00 |
| 639 | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на компјутерска опрема | 321.876.379,00 | | | 335.554.132,00 |
| 640 | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = од АОП 177 од БС) | 32.898.600,00 | | | 22.218.202,00 |
| 641 | - - Оригинални уметнички и литературни дела (< од АОП 178 од БС) | | | | 0,00 |
| 642 | - - Драгоцени метали и камења | | | | 0,00 |
| 643 | - - Антиквитети и други уметнички дела | | | | 0,00 |
| 644 | - - Други скапоцености | | | | 0,00 |
| 645 | - - Добивки од курсни разлики (= на АОП 008 од БУ) | 101.629.532,00 | | | 110.078.471,00 |
| 646 | - - Реализирани дивиденди (АОП 647+648+649)(< или = на АОП 005 од БУ) | | | | 0,00 |
| 647 | - - Нефинансиски друштва | | | | 0,00 |
| 648 | - - Финансиски друштва | | | | 0,00 |
| 649 | - - Нерезиденти (АОП 650+651) | | | | 0,00 |
| 650 | - - Нефинансиски друштва | | | | 0,00 |
| 651 | - - Финансиски друштва | | | | 0,00 |
| 652 | - - Приходи од вложувањата во придружени друштва, подружници и во заеднички вложувања (< или = на АОП 005 од БУ) | | | | 0,00 |
| 653 | - - Капитални добивки реализирани од продажба на средства | 88.350.439,00 | | | 63.087.378,00 |
| 654 | - - Приходи од минати години(< или = на АОП 010 од БУ) | 511.966,00 | | | 1.637.520,00 |
| 655 | - - Приходи врз основа на судски тужби, данаци и други административни такси(< или = на АОП 010 од БУ) | 11.998.290,00 | | | 7.504.336,00 |
| 656 | - - Приходи врз основа на давање работење(< или = на АОП 010 од БУ) | | | | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 657 | - - Други приходи(< или = на АОП 010 од БУ) | 28.947.902,00 | | | 35.985.290,00 |
| 658 | - - Расходи за провизии и надомести ( = на АОП 004 од БУ) | 110.332.209,00 | | | 143.617.717,00 |
| 659 | - - Премии за осигурување на депозити( < или = на АОП 022 од БУ) | 160.464.009,00 | | | 164.047.734,00 |
| 660 | - - Трошоци за вработените (АОП 661+664+665) ( = на АОП 011 од БУ) | 870.161.311,00 | | | 886.603.568,00 |
| 661 | - - Трошоци за плати | 731.037.672,00 | | | 724.471.188,00 |
| 662 | - - Придонеси од плати( < или = на АОП 013 од БУ) | 198.112.000,00 | | | 198.301.530,00 |
| 663 | - - Даноци од плати( = на АОП 013 од БУ) | 41.406.316,00 | | | 41.584.009,00 |
| 664 | - - Надомести за плати ( < или = на АОП 014 од БУ) | | | | 0,00 |
| 665 | - - Надомести за вработените врз основа на колективен договор | 139.123.639,00 | | | 162.132.380,00 |
| 666 | - - Материјални и лични трошоци(< или = на АОП 022 од БУ) | 74.757,967,00 | | | 78.577.653,00 |
| 667 | - - Трошоци за услуги(< или = на АОП 022 од БУ) | 730.547.472,00 | | | 786.328.460,00 |
| 668 | - - Премии за осигурување(< или = на АОП 022 од БУ) | 11.681.870,00 | | | 10.389.100,00 |
| 669 | - - Трошоци за надомести и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители(< или = на АОП 022 од БУ) | 1.264.710,00 | | | 1.544.357,00 |
| 670 | - - Трошоци за службени патувања(< или = на АОП 022 од БУ) | 1.348.835,00 | | | 2.132.007,00 |
| 671 | - - Трошоци за репрезентација, маркетинг и пропаганда(< или = на АОП 022 од БУ) | 59.056.448,00 | | | 90.487.632,00 |
| 672 | - - Други административни трошоци(< или = на АОП 022 од БУ) | 31.296.699,00 | | | 32.499.928,00 |
| 673 | - - Трошоци од минати години(< или = на АОП 022 од БУ) | 28.703.528,00 | | | 1.566.101,00 |
| 674 | - - Даноци и придонеси од приход (< или = на АОП 022од БУ) | 2.062.924,00 | | | 4.155.148,00 |
| 675 | - - Придонеси од приход (АОП 676+677+678+679)(< или = на АОП 022 од БУ) | 1.706.335,00 | | | 1.826.876,00 |
| 676 | - - Придонеси и членарини на здруженија и комори | 1.610.355,00 | | | 1.764.876,00 |
| 677 | - - Комунални такси | 96.000,00 | | | 62.000,00 |
| 678 | - - Придонес за користење на градежно земјиште | | | | 0,00 |
| 679 | - - Останато | | | | 0,00 |
| 680 | - - Трошоци за парични казни, такси и судски решенија(< или = на АОП 022 од БУ) | 1.034.865,00 | | | 2.031.341,00 |
| 681 | - - Трошоци за изработка на таксени и административни вредносници(< или = на АОП 022од БУ) | | | | 0,00 |
| 682 | - - Трошоци за движење - валутно работење(< или = на АОП 022 од БУ) | | | | 0,00 |
| 683 | - - Други трошоци(< или = на АОП 022од БУ) | 43.770.595,00 | | | 29.566.937,00 |
| 684 | - - Капитални загуби реализирани од продажба на средства | | | | 0,00 |
| 685 | - - Загуби од курсни разлики(= на АОП 069 од БУ) | | | | 0,00 |
| 686 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1.006,00 | | | 983,00 |
| 687 | - - Исплатена дивиденда | 1.531.307,00 | | | 1.404.404,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2473 | - 64.19 - Друго монетарно посредување | | | | 6.126.410.311,00 |

Потпишано од:

Orce Naumovski

CN=KIBSTrust Issuing Qslg CA G2,
OID.2.5.4.97=NTRMK-5629561, OU=KIBSTrust
Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qslg CA G2

Издавам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе завршува со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар